НЕЗАВИСЕН КАНДИДАТ

Во изборната единица број 75 Општина ТЕТОВО е избран

***ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ со 2002 или 38.37% гласови***

ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 76 Општина ТЕТОВО е избран

***МИРКО ТРИПУНОСКИ со 3239 или 55.91% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 77 Општина ТЕТОВО е избран

***ЈОВАН СРБИНОВСКИ со 4298 или 59.29% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 79 Општина ТЕТОВО е избран

***ХИСЕН РАМАДАНИ со 3931 или 35,73% гласови***

НЕЗАВИСЕН КАНДИДАТ

Во изборната единица број 81 Општина ТЕТОВО е избран

***ЏЕЛАДИН МУРАТИ со 4237 или 38.08% гласови***

ПАРИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ
ВО МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 82 Општина ТИТОВ ВЕЛЕС е избран

***АЦЕ КОЦЕВСКИ со 4908 или 75.57% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 84 Општина ТИТОВ ВЕЛЕС е избран

***ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ со 4884 или 73.50% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 85 Општина ТИТОВ ВЕЛЕС е избран

***ЈОВАН НИКОЛОВ со 3761 или 58.23% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 86 Општина ШТИП е избран

***ПАНЧЕ НАСЕВ со 4533 или 66.61% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 87 Општина ШТИП е избран

***САНДЕ ДАВЧЕВ со 3664 или 70.86% гласови***

ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 88 Општина ШТИП е избран

САНДЕ ЦАМБАЗОВСКИ со 5151 или 80.47% гласови
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 89 Општина ГАЗИ БАБА е избран

***ИВАН БОЈКОВ со 4612 или 74.82% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 91 Општина ГАЗИ БАБА е избран

***ЉУПЧО МЕШКОВ со 2986 или 70,39% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 92 Општина ГАЗИ БАБА е избран

***КИРИЛ СПАСОВСКИ со 2481 или 54.01% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 94 Општина ГАЗИ БАБА е избран

***ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ со 4008 или 76.97% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 95 Општина КАРПОШ е избран

***ЗОРАН КРСТЕВСКИ со 5532 или 78.87% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 96 Општина КАРПОШ е избран

***АТАНАС ВАНГЕЛОВ со 3719 или 77.21% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 97 Општина КАРПОШ е избран

***СЛАВЕ НАУМОВСКИ со 4872 или 77.67% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 98 Општина КАРПОШ е избран

***ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ со 4524 или 77.39% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 99 Општина КАРПОШ е избран

***ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ со 4981 или 75,23% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 100 Општина КАРПОШ е избран

***ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ со 4169 или 76.51% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 103 Општина КИСЕЛА ВОДА е избран

***ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ со 4826 или 77.23% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 104 Општина КИСЕЛА ВОДА е избран

***ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ со 5903 или 79.11% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 105 Општина КИСЕЛА ВОДА е избран

***НИКОЛА ПОПОВСКИ со 6286 или 77.43% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 106 Општина КИСЕЛА ВОДА е избран

***ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ со 3533 или 81.82% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 107 Општина КИСЕЛА ВОДА е избран

***МАРЈАН НАЧЕВСКИ со 5099 или 78.24% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 110 Општина КИСЕЛА ВОДА е избран

***ЗОРАН ШАПУРИЌ со 3237 или 52.53% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 112 Општина ЦЕНТАР е избран

***ИЛИНКА МИТРЕВА со 4311 или 57.21% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ
НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 114 Општина ЦЕНТАР е избран

***КИРО ПОПОВСКИ со 4046 или 56.16% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 115 Општина ЦЕНТАР е избран

***МЕВЉАН ТАИРИ со 4615 или 58.80% гласови***

ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ ВО МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 116 Општина ЧАИР е избран

***РАТКА КУЉАН ЗОГРАВСКА со 3566 или 62.56% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 117 Општина ЧАИР е избран

***ЈОВАН ЛАЗАРЕВ со 2735 или 51.98% гласови***

СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА
ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 118 Општина ЧАИР е избран

***АБДУРАХ ПРУСИ со 2994 или 42.82% гласови***

ПАРИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ ВО МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 119 Општина ЧАИР е избран

***ФАИК АБДИ со 2114 или 41.56% гласови***

ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

Во изборната единица број 120 Општина ЧАИР е избран

***САМИ ИБРАИМИ со 3206 или 43.17% гласови***

ПАРИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ ВО МАКЕДОНИЈА

По службена должност и поднесени приговори од овластените подносители, гласањето спроведено на 30 октомври 1994 година од надлежните изборни комисии е поништено во 6 изборни единици, во 6 општини.

Во изборните единици број 44 – Општина Куманово, избирачко место бр. 10; број 47 – Општина Неготино, избирачко место бр. 6; број 66 – Општина Струга, избирачки места бр. 3, 4, 5, 21 и 22; број 74 – Општина Тетово, избирачко место бр. 37; број 80 – Општина Тетово; број 90 – Општина Гази Баба, избирачки места бр. 27 и 28, гласањето ќе биде спроведено на 13 ноември 1994 година, а Републичката (Државна) изборна комисија до Собранието на Република Македонија ќе достави дополнителен извештај од спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, како и од одржаните избори во вториот изборен круг што ќе се спроведат во 6 изборни единици на 13 ноември 1994 година.

Врз основа на резултатите од вториот круг на гласање, распоредот на гласови по партии е следниот:

| | |
|---|---|
| ВМРО–ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА | 458-0.03 |
| ВМРО–ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА ЗА МАКЕДОНСКО НАЦИОНАЛНО ЕДИНСТВО | 30,104-2.21 |
| ВМРО–МАКЕДОНСКИ НАЦИОНАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ | 412-0.03 |
| ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА | 29,542-2.17 |
| ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА | 2,292-0.17 |
| ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА | 4,003-0.29 |
| ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА | 3,739-0.27 |
| ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ–ПАРТИЈА НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА | 681-0.05 |
| ДВИЖЕЊЕ ЗА СЕМАКЕДОНСКА АКЦИЈА (МААК) | 2,013-0.15 |
| ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА | 18,111-1.33 |
| НАРОДНА ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА | 23,467-1.72 |
| ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА–ИСЛАМСКИ ПАТ | 2,155-0.16 |
| ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ПРОСПЕРИТЕТ ВО МАКЕДОНИЈА | 70,453-5.18 |
| ПАРТИЈА ЗА ЦЕЛОСНА ЕМАНЦИПАЦИЈА НА РОМИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА | 4,447-0.33 |
| СОЦИЈАЛ–ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА | 2,254-0.17 |
| СОЦИЈАЛ–ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА | 4,635-0.34 |
| НЕЗАВИСНИ КАНДИДАТИ | 82,388-6.05 |
| ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА НА ТУРЦИТЕ НА МАКЕДОНИЈА<br>ПАРТИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКА АКЦИЈА ИСЛАМСКИ ПАТ | 4,681-0.34 |
| СОЦИЈАЛ–ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА<br>ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА<br>СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА | 308,809-22.69 |
| СОЦИЈАЛ–ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА<br>СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА | 2,872-0.21 |

Врз основа на резултатите од спроведените избори, а во смисла на член 54 став 1 и 5 од Законот за избор на пратеници, за пратеници во Собранието на Република Македонија се избрани:

1. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ
2. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ
3. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ
4. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ
5. КИРЕ ВИДИМЧЕ
6. НАУМ СИМЈАНОВСКИ
7. ЈОРГО ШУНДОВСКИ
8. ВЕЉО ТАНТАРОВ
9. СЛАВКО КОТЕВСКИ
10. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ
11. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ
12. НАНО РУЖИН
13. МИРКО ПЕЦОВ
14. БОРИС КОСТАЌЕВ
15. ЃОРЃИ АТАНАСОВ
16. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ
17. РУФИ ОСМАНИ
18. ФЕРИТ МУСОВСКИ
19. ЌЕНАН ХАСИПИ
20. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ
21. СЕФЕДИН ХАРУНИ
22. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА
23. МИРКО ИВАНОВ
24. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ
25. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ
26. СТОЈАН АНДОВ
27. ЗВОНКО КАРОВ
28. ПАНЧО МИНОВ
29. ВАНЕ НАУМОСКИ

30. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА
31. САЛИ РАМАДАНИ
32. ИЛИЈА КАРОВ
33. ТОДОСИЈА ПАУНОВ
34. ЉУБОСАВ ИВАНОВ
35. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ
36. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ
37. РИСТО МАРКОВСКИ
38. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ
39. ДРАГАН МИТЕВСКИ
40. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ
41. ПЕРСИДА МАЛИНСКА
42. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ
43. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ
44. МАРЈАН КОТЛАР
45. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ
46. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ
47. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ
48. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ
49. СИМОН НАУМОСКИ
50. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ
51. РИСТО НИКОЛОСКИ
52. ДИМЧЕ НАСТОСКИ
53. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ
54. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ
55. ДУШАН НИКОЛОВСКИ
56. СЛАВЧО ЧАПОВ
57. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ
58. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ
59. МИТКО РИСТЕВСКИ
60. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ
61. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ
62. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ
63. РИСТО МАСЕВ
64. ТУШЕ ГОШЕВ
65. РИСТО ТРАЈКОВ
66. БОРИС ПАВЛОВ
67. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ
68. АРБЕН ЏАФЕРИ
69. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ
70. МИРКО ТРИПУНОСКИ
71. ЈОВАН СРБИНОВСКИ
72. АБДУРАХМАН АЛИТИ
73. ХИСЕН РАМАДАНИ
74. ЏЕЛАДИН МУРАТИ
75. АЦЕ КОЦЕВСКИ
76. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ
77. ЈОВАН НИКОЛОВ
78. ПАНЧЕ НАСЕВ
79. САНДЕ ДАВЧЕВ
80. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ
81. ИВАН БОЈКОВ
82. ЉУПЧО МЕШКОВ
83. КИРИЛ СПАСОВСКИ
84. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ
85. ЗОРАН КРСТЕВСКИ
86. АТАНАС ВАНГЕЛОВ
87. СЛАВЕ НАУМОВСКИ
88. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ
89. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ
90. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ
91. НАСЕР ЗИБЕРИ
92. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ
93. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ
94. НИКОЛА ПОПОВСКИ
95. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ
96. МАРЈАН НАЧЕВСКИ
97. ЗОРАН ШАПУРИЌ
98. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ
99. ИЛИНКА МИТРЕВА
100. ТИТО ПЕТКОВСКИ
101. КИРО ПОПОВСКИ
102. МЕВЉАН ТАИРИ
103. РАТКА КУЉАН ЗОГРАВСКА
104. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ
105. АБДУРАФ ПРУСИ
106. ФАИК АБДИ
107. САМИ ИБРАИМИ

На избраните пратеници во Собранието на Република Македонија, Републичката (Државна) изборна комисија врз основа на член 58 став 2 од Законот за избор на пратеници им издаде уверенија за избор.

РЕПУБЛИЧКА (ДРЖАВНА) ИЗБОРНА КОМИСИЈА

Секретар, **Георгина Мицковска,** с.р.

Претседател, **Петар Најданов,** с.р.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕПУБЛИЧКА (ДРЖАВНА) ИЗБОРНА КОМИСИЈА
број 30-283/1 10.11.1994 г. Скопје

ДО
СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Републичката (Државна) изборна комисија дополнително го прими изборниот материјал од Изборната комисија на Изборната единица 101, општина Карпош, и врз основа на член 15, став 2, точка 4 од Законот за избор на пратеници, на седницата одржана на 10 ноември 1994 година, го утврди и на Собранието на Република Македонија му го поднесува дополнението на

Извештајот
за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија

Согласно изборниот материјал и резултатите од вториот круг на гласањето спроведено на 30 октомври 1994 година, во Изборната единица бр. 101, општина Карпош – Скопје, за пратеник е избран:

***НИКОЛА ПОПОВСКИ со 4227 или 46.16% гласови***
СОЦИЈАЛ-ДЕМОКРАТСКИ СОЈУЗ НА МАКЕДОНИЈА ЛИБЕРАЛНА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ПАРТИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на резултатите од спроведените избори, а во смисла на член 54, став 1 и 5 од Законот за избор на пратеници, за пратеник во Собранието на Република Македонија е избран: ***НИКОЛА ПОПОВСКИ***

На избраниот пратеник во Собранието на Република Македонија, Републичката (Државна) изборна комисија, врз основа на член 58, став 2 од Законот за избор на пратеници му издаде уверение за избор.

Дополнението на Извештајот за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија е составен дел на Извештајот за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, доставен до Собранието на Република Македонија на 9 ноември 1994 година бр. 30 283.

Секретар, **Георгина Мицковска,** с.р.

Претседател, **Петар Најданов,** с.р.

**1368.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 70/92), на седницата одржана на 25 октомври 1994 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 12 од Законот за органите на управата („Службен весник на СРМ" бр. 40/90).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

3. Уставниот суд на Република Македонија, по повод поднесена иницијатива, со Решение У. бр. 99/94 од 14 септември 1994 година, поведе постапка за оценување уставноста на член 12 од законот означен во точка 1 од оваа одлука, затоа што се постави прашањето за неговата согласност со Уставот на Република Македонија.

4. Судот на седницата утврди дека во оспорениот член 12 од Законот е предвидено дека органите на управата во својата работа во согласност со Уставот и со закон, го применуваат начелото на рамноправност на јазиците и писмата на народите и народностите на Југославија.

5. Според член 51 став 1 од Уставот на Република Македонија законите мораат да бидат во согласност со Уставот.

Законите што не се во согласност со одредбите на Уставот, според член 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот, требаше да се усогласат во рок од една година од денот на прогласувањето на Уставот, а одредени закони наведени во член 7 од Уставниот закон да се усогласат во рок од шест месеци од денот на прогласувањето на Уставот.

Согласно член 7 од Уставот на Република Македонија, во Република Македонија службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, а во единиците на локалната самоуправа, во кои како мнозинство и како значителен број живеат припадниците на националностите, во службена употреба, покрај македонскиот јазик и кирилското писмо, се и јазикот и писмото на националностите, на начин утврден со закон, односно под услови и начин утврден со закон.

Врз основа на изнесеното, Судот оцени дека не постои уставен основ јазиците и писмата на народите и народностите на поранешна Југославија рамноправно да се употребуваат со македонскиот јазик и кирилското писмо.

Со оглед на тоа што со оспорениот член 12 од Законот е предвидено јазиците и писмата на народите и народностите на поранешна Југославија рамноправно да се применуваат со македонскиот јазик и кирилското писмо, Судот утврди дека тој не е во согласност со член 7 од Уставот.

6. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

7. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У.бр. 99/94
25 октомври 1994 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с.р.

**1369.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на член 110 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 70/92), на седницата одржана на 3 ноември 1994 година, донесе

**ОДЛУКА**

1. СЕ УКИНУВА Одлуката за обезбедување на парични средства за финансирање на фестивалот „Макфест“ и Заклучокот за обезбедување на парични средства за улична расвета во Општина Штип донесени од Собранието на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ бр. 5/91 и 1/94).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

3. На Уставниот суд на Република Македонија, Стојан Петров од Штип му поднесе иницијатива за поведување постапка за оценување уставноста и законитоста на актите означени во точката 1 од оваа одлука, затоа што со нив се воведувале одредени давачки за граѓаните, што не било во согласност со членовите 9 и 33 од Уставот и со закон.

На седницата Судот утврди дека Собранието на Општина Штип донело Одлука со која е уредено дека за обезбедување трајни извори на средства за финансирање на фестивалот „Макфест“ - Штип ќе се собираат по 10,00 денари месечно на секој водомер во Општината Штип. Средствата ќе ги собира ЈП „Фортуна“ со сметката за потрошена вода, а ќе ги уплатува на сметка на фестивалот „Макфест“.

Исто така Собранието донело Заклучок со кој е утврдено дека паричните средства за потрошената електрична енергија и потребниот материјал за одржување на уличното осветлување во општината Штип се обезбедуваат од потрошувачите на електрична енергија. Понатаму, е утврден износот на средствата за улично осветлување, начинот на наплатувањето и организацијата што ќе ги собира средствата, органот што ќе врши контрола над реализацијата на собраните средства како и организациите кои се изземени од овој вид давачка (месни заедници, училишта-факултети, културни установи и хуманитарни организации).

4. Според член 33 од Уставот на Република Македонија, секој е должен да плаќа данок и други јавни давачки и да учествува во намирувањето на јавните расходи на начин утврден со закон.

Согласно член 68 став 1 алинеја 3 од Уставот, Собранието на Република Македонија ги утврдува јавните давачки, а според член 114 став 4 од Уставот, општините се финансираат од сопствени извори на приходи определени со закон и со средства од Републиката.

Според член 5 од Законот за буџетите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/93), приходите на единиците на локалната самоуправа се обезбедуваат од данок на имот, данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности и права, од комунални такси, од дополнителни приходи од Буџетот на Републиката во согласност со посебен закон, од приходи од донации примени од земјата и странство (во стока и пари), од други приходи отстапени на буџетот на единиците на локалната самоуправа по однос на земање на заеми од Буџетот на Републиката со кои се финансира буџетскиот дефицит.

Од изнесените уставни и законски одредби, произлегува дека собранието на општината не е овластено да воведува даноци и други јавни давачки за финансирање на јавните потреби, ниту да ја определува нивната висина.

Со оглед на тоа што со оспорениот заклучок се утврдува надоместок за улично осветлување, што претставува јавна потреба која треба да се намирува од јавните давачки, а со оспорената одлука се воведува обврска за граѓаните да плаќаат средства за одржување културна манифестација, Судот оцени дека тие не се во согласност со означените уставни и законски одредби.

5. Врз основа на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Јован Проевски и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, Бесим Селими, д-р Јосиф Талевски и д-р Тодор Џунов.

У. бр. 109/94
3 ноември 1994 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република Македонија,
д-р **Јован Проевски**, с.р.

## КОЛЕКТИВНИ ДОГОВОРИ

**60.**

Врз основа на член 32 од Уставот на Република Македонија, член 89 од Законот за работни односи на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 80/93) и член 3 од Општиот колективен договор за стопанство на РМ („Сл. весник на РМ“ бр. 29/94), Синдикатот на хемија на Македонија и Здружението на хемиската индустрија при Стопанската комора на Македонија склучуваат

## КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР ЗА ДЕЈНОСТА ХЕМИСКА ИНДУСТРИЈА

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Колективен договор се уредуваат, односно доуредуваат во согласност со Законот и други прописи и Општиот колективен договор, правата, обврските и одговорностите на работниците од работен однос како и обемот и начинот на остварување на правата и обврските и други прашања од интерес за работниците и работодавачите во дејноста од хемиската индустрија, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Член 2

Колективниот договор се применува непосредно и е задолжителен за сите работници и работодавачи во чие име е склучен од следните стопански гранки и групации:

01180 производство на хемиски производи
01181 производство на хемикалии
01182 производство на хемикалии за земјоделство
01183 производство на хемиски влакна
011831 преработка на хемиски влакна
01190 преработка на хемиски производи
011910 производство на лекови
011920 производство на сапун и козметика
011940 преработка на пластични маси
011990 производство на останати хемиски производи

- сите останати претпријатија (без оглед на статистичка номенклатура) на кои основната дејност не им е производство или преработка на хемиски производи, но кои се во состав на претпријатија или повисоки облици на здружување чија претежна дејност е производство и преработка на хемиски производи;

- сите претпријатија од претходните алинеи без оглед на видот на сопственост;

- сите работници вработени во дејностите наведени во претходните алинеи; како и за учениците и студентите на производна работа, односно работна пракса;

- сите работници кои ќе пристапат на Синдикатот на хемија на Македонија.

За работодовните органи и работниците со посебно овластување и одговорности утврдени во Статутот или друг акт на претпријатието, неважи делот од Колективниот договор со кој се регулира платата, а останатите одредби од Колективниот договор важат, ако тоа не е утврдено со посебен договор.

Член 3

Под работодавец во смисла на овој Договор се подразбира претпријатие и друго домашно и странско правно и физичко лице кое врши стопанска дејност, во согласност со член 2 од овој Договор и вработува работници.

Законски застапник на претпријатието е работоводниот орган (генерален директор, претседател, директор или друг орган регулиран во Статутот на претпријатието).

Член 4

Со овој Договор не можат да се утврдат помали права и обврски од утврдените со Законот и Општиот колективен договор за стопанство на Република Македонија.

Со Колективниот договор на ниво на претпријатието не можат да се утврдат помали права и обврски од утврдените со Законот, Општиот колективен договор за стопанство на РМ и овој Договор.

Член 5

Врз основа на овој Колективен договор, претпријатијата кои имаат сложени форми на организирање и претпријатија основачи на друштва со ограничена одговорност од различни дејности склучуваат Колективен договор во рамките на претпријатието (сложено претпријатие, претпријатие основач) во кој поедини прашања подетално ги регулираат.

## II. УСЛОВИ ЗА ЗАСНОВАЊЕ НА РАБОТЕН ОДНОС

### 1. Засновање на работен однос

Член 6

Работен однос може да заснова секое лице кое покрај општите услови утврдени со Закон ги исполнува и посебните услови за извршување на соодветните работи и работни задачи утврдени со Закон, Општиот колективен договор за стопанство и овој Договор.

Работен однос се заснова за време чие траење однапред не е определено (работен однос на неопределено време и работен однос на определено време).

Член 7

Работен однос се заснова со склучување на договор за работа помеѓу работникот и претпријатието.

Работникот може да стапи на работа по конечноста на Одлуката за избор, освен ако со истата не е поинаку определено.

Договор за работа во смисла на овој член склучува и работник кој засновал работен однос и пред донесувањето на законот за работни односи, при што договорот треба да се однесува за работното место и условите под кои работи.

### 2. Посебни услови за засновање работен однос

Член 8

Како посебни услови кои се потребни за извршување на работите на работното место и за засновање работен однос можат да се предвидат:

- степен и вид на стручна подготовка;

- посебни знаења и способности за извршување соодветни работи;

- работно искуство;

- посебна здравствена состојба;

- посебни психофизички и физички способности;

- проверка на способностите за вршење на работите на работното место;

- положен посебен стручен испит, и

- други посебни услови утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатие.

Член 9

Со претходното проверување на способноста, кога е тоа утврдено како посебен услов за засновање на работен однос со Колективниот договор на ниво на претпријатието, се оценува способноста на работникот (стекнатата пракса и умешноста на работите и здачите) и се утврдува дали работникот ги задоволува барањата за вршење на работите за кои се пријавил.

Претходното проверување на способностите се врши само за кандидатите кои ги исполнуваат условите на огласот на начин и во постапка утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Претходно проверување на способностите не се врши при засновање на работен однос со приправник и работник без квалификации.

Член 10

На работните места за кои со Колективниот договор на ниво на претпријатието како посебен услов е утврдена пробната работа, работниците се должни да поминат на пробна работа толку време колку е предвидено со Договорот, а најдолго 6 месеци.

Траењето на пробната работа согласно Колективниот договор на ниво на претпријатието ќе се определи во Договорот за работа што работоводниот орган, односно друг работник овластен од него, ќе склучи со работникот.

Одредбите за пробна работа не се применуваат на работниците со посебни овластувања и одговорности, на приправниците, на работниците кои работеле или работат во претпријатието, на работници кои се преземени од друго претпријатие.

Пробната работа се спроведува на начин и во постапка утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 11

Староста и полот се утврдуваат како посебен услов за засновање на работен однос на соодветни работни места само во случај кога тоа е така определено со Закон и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

### 3. Начин на засновање на работен однос

Член 12

Работниот однос може да се заснова по пат на оглас и преземање работник од друго претпријатие согласно Законот.

Член 13

Во огласот за слободно работно место, покрај општите услови, потребно е да се наведат:

- посебните услови за засновање на работниот однос утврдени со Законот, овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието;

- должината на траењето на пробната работа, односно дека ќе се врши претходно проверување на способноста на пријавените кандидати за вршење на работите на огласеното работно место, ако за тоа место се предвидува пробна работа, односно претходно проверување на способности.

Член 14

Вработување во друго претпријатие без огласување на работното место, со преземање и склучување договор за работа на работно место кое одговара на стручната подготовка, односно квалификации на работникот се врши само во случај кога на работникот му престанува работниот однос во претпријатието врз основа на изготвена програма за економски, технолошки, структурални или слични промени.

**4. Утврдување на потребата од работници**

Член 15

Одлука за потребата за засновање работен однос донесува органот определен во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

**5. Органи за избор**

Член 16

Избор од кандидатите пријавени на оглас за прием на работа врши работоводниот орган, односно органот определен во Колективниот договор на ниво на претпријатието, во постапка утврдена со Колективниот договор на претпријатието.

Кандидатот кој не е избран има право на приговор до органот утврден со колективниот договор на ниво на претпријатието.

**6. Проверување на способностите за вршење на работите**

Член 17

Проверувањето на способноста, кога тоа е утврдено како посебен услов за засновање на работен однос, го врши Комисија составена од 3 члена со најмалку ист степен на стручна подготовка како што има работникот чии работни способности се проверуваат.

Комисијата од претходниот став ја именува работоводниот орган за работниците кои ги избира органот утврден во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Комисијата работи во полн состав.

Член 18

Проверувањето на работните способности се врши писмено и практично, со извршување на работи и задачи од работното место за кое кандидатот се пријавил.

Проверката од претходниот став ја врши Комисијата.

За времето и местото на проверување кандидатот се известува писмено, а по потреба преку надлежната организација за работите на вработување.

Член 19

За проверување на способноста на кандидатите Комисијата составува записник во кој ги внесува:

- називот на претпријатието во кое се врши приемот,
- презимето и името на кандидатите;
- на кој оглас се пријавени;
- кога е извршено проверувањето;
- кои практични работи се извршувани;
- оценка за кандидатот (задоволил-незадоволил);
- состав на Комисијата.

Веднаш по завршување на работата Комисијата го доставува записникот до органот надлежен за избор на кандидатите,

**7. Пробна работа**

Член 20

Со Колективниот договор на ниво на претпријатието може да се утврдат потребите, начинот и постапката за спроведување на пробната работа.

**8. Договор за работа**

Член 21

Работен однос се заснова со склучување на договор за работа помеѓу работникот и претпријатието.

Работникот неможе да стапи на работа пред да се склучи и завери договорот за работа.

Договорот за работа се склучува во писмена форма, по конечноста на одлуката за избор.

Член 22

Пред стапувањето на работа на работникот му се овозможува да се запознае со Колективниот договор и со другите акти и прописи со кои се уредуваат правата, обврските и одговорностите на работниците и на претпријатието од работен однос, како и обемот и начинот на остварување на правата и обврските и другите одредби за прашања од интерес на работниците и претпријатието, како и начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови.

Запознавањето се врши со овозможување на работникот да изврши увид во актите од став 1 на овој член.

Член 23

Договорот за работа содржи одредби за:

- работите за кои работникот заснова работен однос;
- траење на работниот однос (на определено или неопределено време);
- работите на работното место кои работникот ќе ги врши и местото во кое ќе се вршат работите;
- денот на стапување на работа;
- начинот на вршење проверка на способноста за вршење на работите на работното место, ако е предвиден како услов за засновање на работен однос;
- работното време;
- одморите и отсуствата;
- стручно оспособување и усовршување;
- висината на основната плата и надоместоците и рок на нивната исплата;
- распоредувањето, заштита при работа;
- престанокот на работниот однос;
- други прашања предвидени во Колективниот договор на ниво на претпријатието, во согласност со Закон, Општиот колективен договор за стопанство и овој Договор.

**9. Распоредување на работниците**

Член 24

Работникот се распоредува на работи за кои засновал работен однос. За време на траењето на работниот однос работникот може да биде распореден на секое работно место кое одговара на степенот на неговата стручна подготовка за определен вид занимање, знаење и способности во следните случаи:

- неопходна потреба на процесот на работа и организацијата на работа;
- подобро користење на стручната спрема и на работните способности на работникот;
- намалување или зголемување на обемот на работата;
- отворање на ново работно место и укинување на постојното;
- укинување на делот на процесот на работата, укинување на работното место на кое работникот работел;
- престанок на потребата за работа на работникот поради технолошки и други унапредувања;

- забрана за вршење определени работи и работни задачи поради болест или други објективни причини;

- непостигнување на просечни резултати од работењето за подолг период;

- замена на ненадејно отсутен работник;

- други случаи утврдени во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Одлуката за распоредување на работникот ја донесува работоводниот орган или лице кое ќе го овласти и тоа треба да се даде во писмена форма или со усмен налог кој треба да се потврди во писмена форма во рок од 3 дена.

Член 25

Работникот е должен времено да врши работи на работното место за кое се бара понизок степен на стручна подготовка од определен вид занимање во исклучителни околности, додека траат тие околности, но не подолго од 60 дена, со писмен налог, односно усмен налог кој треба да се потврди во писмена форма во рок од 3 дена и тоа:

- во случај на виша сила;

- несреќа која настанала или која непосредно претстои;

- спречување на расипување на материјални добра и отстранување дефекти;

- замена на ненадејно отсутен работник

- прекин на работа поради недостиг на енергија, суровини, репроматеријали, резервни делови и слично;

- воена опасност, состојба на подготвеност и воена вежба;

- за извршување на сезонски работи кои не трпат одлагање;

- за време на извршување ремонти;

- привремено зголемен обем на работа;

- ненадејни хаварии;

- во други итни, неодложни и неопходни потреби на процесот и организацијата на работа.

Барањето за заштита на правата на работникот при распоредување во случаите од став 1 на овој член не го задржува извршувањето на одлуката.

Работникот од став 1 на овој член има право на плата во висина на платата што би ја остварил кога би работел на своето работно место, ако е тоа поповолно за него.

Член 26

Работникот може да се распореди од едно во друго место на работа ако му е обезбеден превоз со средствата на јавниот сообраќај или на претпријатието, на оддалеченост до 50 километри во една насока, а ако оддалеченоста е над 50 километри во една насока, ако му е обезбедено соодветно сместување.

Одлуката за распоредување на работникот во смисла на претходниот став на овој член ја донесува работоводниот орган.

Член 27

Одлука за распоредување на работниците, вклучувајќи ги и работниците со посебни овластувања и одговорности донесува работоводниот орган на претпријатието.

Член 28

Работоводниот орган покренува постапка за оценување на работната способност на работникот ако постои сомневање во потребното знаење и способност на работникот за извршување на работите и работните задачи на кои е распореден, односно ако не ги остварува предвидените резултати од работењето.

Работоводниот орган може да формира Комисија од членови со најмалку ист степен на стручна подготовка од определен вид занимање како што има работникот со налог да ја утврдат состојбата.

Оценување на знаењето и способноста на работникот, односно остварувањето на предвидените резултати од работењето, може да се врши по истекот на најмалку 40 работни дена континуирано следење на работата на работникот.

Во време на следење се смета само фактичкото присуство на работникот на работа. На работникот му се доставува известување дека е отпочната постапка за утврдување на неговите знаења и способности за извршување на работите на работното место на кое е распореден.

За почетокот на постапката се известува Синдикатот.

Работникот и синдикалниот претставник имаат право на увид во документацијата врз основа на која е започната постапката.

Член 29

Во разговорите со органот што ја спроведува постапката од претходниот член на овој Договор, на кои има право да присуствува и претставник на Синдитот, работникот се изјаснува за наводите во документацијата.

За текот на разговорите се води записник.

Одлуката за распоредување на друго работно место кое одговара на знаењето и способностите на работникот, или за престанок на работниот однос кога нема такво работно место, ја донесува работодовниот орган или лице овластено од него.

Одлуката од претходниот став се доставува до Синдикатот кој може да го застапува работникот во понатамошната постапка за заштита на неговите права.

**10. Приправници**

Член 30

Приправниците можат да засноваат работен однос на определено или неопределено време.

Приправникот стручно се оспособува за самостојно вршење на соодветните работи и задачи.

Приправничкиот стаж може да трае најдолго 12 месеци.

Должината на приправничкиот стаж се утврдува во Колективниот договор на ниво на претпријатието во зависност од степенот на стручната подготовка и сложеноста на работното место за кое се примаат приправници.

Член 31

Во Колективниот договор на ниво на претпријатието се утврдува начинот на следење и оценување на приправникот.

Член 32

Заради стручно оспособување за самостојно вршење на работите од својата струка приправникот се оспособува на тој начин што во текот на приправничкиот стаж практично се запознава со работите на работното место за кое се оспособува.

Оспособувањето се врши по Програма која се изготвува според описот на работното место за кое се оспособува приправникот, со која се запознава приправникот пред склучување на договорот за работа.

Член 33

Стручното оспособување за самостојно извршување на работите на приправникот го следи непосредниот раководител.

Оценување на стручната способност на приправникот за самостојно извршување на работите врши Комисија со членови со најмалку ист степен на стручна подготовка како што има работникот - приправник врз основа на успехот што ќе го покаже на приправничкиот испит.

## III. ПРАВА НА РАБОТНИЦИТЕ И НИВНАТА ПОЛОЖБА

### 1. Работно време

Член 34

Работното време трае 40 часа во работната недела (полно работно време).

По исклучок, работното време на работниците може да трае подолго од 40 часа во работната недела, но не повеќе од 10 часа неделно, во случаи утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатието, и тоа:

- за време на земјотрес, поплава, пожар, епидемија, епизоотија и друга виша сила или несреќа која се случила или која непосредно се заканува;
- за давање помош на друго претпријатие на кое му се случила несреќа или непосредно му се заканува;
- кога е неопходно да се заврши започнатиот процес на работа чиј прекин, со оглед на природата на технологијата и организацијата на работа би предизвикал значителна материјална штета или загрозување на животот или здравјето на луѓето;
- да се спречи расипување на суровини или материјали, односно да се отстрани дефект на средствата за работа;
- да се замени ненадејно отсуство во процесот на работата кој трае непрекинато;
- за завршување на итни и неодложни потреби на процесот на работа.

Член 35

Одлука за работа подолга од полното работно веме донесува работоводниот орган или лицето што тој ќе го овласти.

Одлуката од претходниот став се донесува во писмена форма. Во итни случаи работа подолга од полното работно време може да се воведе и со усмен налог, кој дополнително мора да се потврди со писмена одлука во рок од 3 дена.

Член 36

На работникот кој работи на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, чие штетно влијание врз неговото здравје односно работна способност неможе во целост да се попречи со примена на заштитни мерки, работното време му се скратува сразмерно на штетното влијание врз неговото здравје, односно работна способност во согласност со Законот, овој Договор, Колективниот договор на ниво на претпријатието и Правилникот за заштитата при работа.

Работното време со скратувањето неможе да биде пократно од 30 часа во работната недела.

Работното време од претходниот став на овој член се смета за полно работно време.

Одобрение за работа со скратено работно време за работите од став 1 на овој член дава органот на државната управа надлежен за работите на трудот, по претходно прибавено мислење на организацијата за медицина на трудот и од инспекцијата на трудот.

Член 37

Работата во претпријатието се организира врз принцип на 8 часовна петодневна работна недела.

Почетокот, распоредот и завршетокот на работното време се регулира во Колективниот договор на ниво претпријатието.

Органот на управување може да изврши измена на времето од претходниот став на предлог на работоводниот орган.

Член 38

Работникот кој работи во смена не смее да го напушти работното место додека не добие замена. Во случај на спреченост да стапи на работа во определената смена работникот е должен благовремено да го извести за тоа непосредниот раководител кој е должен да превземе мерки за одредување на друг работник за работа во смената на местото на отсутниот работник.

Член 39

Кога тоа го бара природата на дејноста на претпријатието, односно работите и задачите, организацијата на работата, подоброто користење на средствата за работа, порационалното користење на работното време и извршување на определени работи и задачи со утврдени рокови, одржување и ремонт, изготвување на пресметки и анализи, спазување на одредени рокови во интерес на претпријатието, работоводниот орган може да донесе Одлука за прераспределба на работното време.

Прераспределбата на работното време се врши така да во определен временски период во текот на годината биде подолго од 8 часа дневно, а во останатиот период пократко од 8 часа дневно, со тоа да вкупното работно време на работникот во просек не биде подолго од 40 часа во работната недела во текот на годината и да се обезбеди соодветен одмор на работникот помеѓу работните денови.

### 2. Одмори и отсуства

Член 40

Работникот има право на одмор од 30 минути во текот на дневната работа.

Начинот на користење, почетокот и завршувањето на одморот од претходниот став се утврдува со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Одморот во текот на дневната работа се користи во просториите или вон просториите на претпријатието, а ако природата на работата или посебни прописи тоа го налагаат, одморот се користи во просториите на претпријатието.

Ако природата на работата не дозволува напуштање на работното место, одморот во текот на работата се организира на начин кој обезбедува работата да не се прекинува.

Член 41

Работникот има право на одмор помеѓу два последователни работни дена во траење од најмалку 12 часа непрекинато и право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато.

Ако е потребно да работи на денот на својот неделен одмор на работникот мора да му се обезбеди еден ден за таков одмор во текот на идната работна недела.

Член 42

Работникот има право на годишен одмр од најмалку 18 работни дена по истекот на една година работа, во согласност со критериумите утврдени со Законот, овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Ако во календарската година во која се користи годишниот одмор работникот нема една година работен стаж тој има право на по два работни дена годишен одмор за секој месец поминат на работа без промена на останатите критериуми од Колективниот одговор на претпријатието но не повеќе од 18 работни дена.

Член 43

Работникот има право на годишен одмор во текот на една календарска година во траење од најмалку 18, а најмногу 26 работни денови.

За работници кои работат под посебни услови на работа годишниот одмор може да трае најмногу 36 работни денови.

Должината на годишниот одмор се утврдува врз основа на следните критериуми:

1. Законска основица најмалку 18 работни денови;
2. Работно искуство:
1 - 5 години 1 ден
5 - 10 години 2 дена
10 - 15 години 3 дена
15 - 20 години 4 дена
над - 20 години 6 дена
3. Сложеност на работата на работното место:
- I и II степен 1 ден
- III, IV и V степен 2 дена
- VI, VII, VIII и IX степен 3 дена
4. За здравствена состојба врз основа на инвалидноста на труд (се докажува со решение од Фондот за пензиско и инвалидско осигурување) 1 ден
5. Посебни услови за работа утврдени со акт на претпријатието до 8 дена

Конкретните критериуми за посебни услови за работа се утврдуваат со Колективен договор на претпријатието.

Член 44

Годишниот одмор се користи во непрекинато траење.

Годишниот одмор може да се користи и во два дела. Ако работникот го користи годишниот одмор во делови, првиот дел го користи во траење од најмалку 12 работни дена без прекин во текот на календарската година, а вториот дел најдоцна во месец јуни во наредната година.

Ако за времетраењето на годишниот одмор работникот користи боледување, должен е за тоа веднаш да го извести непосредниот раководител. Времетраењето на боледувањето не се смета во годишен одмор.

Член 45

Работникот има право два дена од годинашниот одмор во текот на каленадарската година да го користи по негова желба за свои лични потреби, со тоа што е должен да го извести работоводниот орган 3 дена пред користењето на тоа право.

Член 46

Работникот го користи годишниот одмор по планот за користење на годишни одмори донесен во претпријатието.

При изготвувањето на планот за користење на годишните одмори се води сметка исти работници да не го користат годишниот одмор секоја година во исто време, како и за желбите на работниците, доколку тоа не е во спротивност со барањата на процесот на работење на претпријатието.

Планот за користење на годишниот одмор се донесува најдоцна до крајот на месец април за тековната година.

Решение за користење на годишниот одмор донесуваат раководителите определени со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 47

По исклучок, работоводниот орган, односно лицето овластено од него може да го промени времето на користење на годишниот одмор, ако тоа го бара процесот на работата или ако настапат објективни околности кај работникот поради кои е принуден да го менува времето за користење на годишниот одмор.

Член 48

За време на користењето на годишниот одмор на работникот му припаѓа надомест на плата во висина на платата која би ја остварил ако работел.

Член 49

Работникот има право да отсуствува од работа со надомест на плата најмногу 7 работни дена во текот на една календарска година во следните случаи:

- склучување на брак - 4 дена
- склучување на брак на дете - 3 дена
- за раѓање на дете - 2 дена
- за смрт на сопружиник, дете - 7 дена
- за смрт на родител, брат, сестра - 3 дена
- за смрт на родител на сопружник - 2 дена
- за смрт на баба, дедо - 1 ден
- за смрт на друго лице кое не е наведено во алинеја 4, 5, 6 и 7 - 1 ден
- за селидба на семејството од едно во друго место - 2 дена
- за селидба на семејството во исто место - 1 ден
- за елементарни непогоди - 3 дена
- за полагање на стручен или друг испит за потребите на претпријатието - 3 дена.

Во случаите од претходниот став отсуството од работа се обезбедува и се користи во деновите на настанатата потреба врз основа на која се остварува правото без оглед на барањето на работниот процес.

Член 50

Ако работникот е упатен на стручно оспособување и усовршување, односно полагање на стручен испит за потребите на претпријатието, отсуството од работа со надомест на плата се регулира со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 51

Доброволните дарители на крв имаат право на 2 слободни работни денови за секое давање на крв, и тоа денот кога дава крв и наредниот ден. Во случај на давање крв во неработен ден дарителот има право на 2 последователни слободни работни денови.

Слободните денови се сметаат како денови поминати на работа.

Член 52

Работникот има право да отсуствува од работа без надомест на плата до 3 месеци во текот на годината во следните случаи:
- неодложни лични работи
- патување во странство
- нега на член на семејството која не е медицински индицирана
- специјализација и стручно усовршување
- за изградба или поправка на куќа односно стан
- за лекување на своја сметка
- за учество на културни и спортски приредби
- за учество на конгреси, конференции и слично и
- во други случаи на барање на работникот.

Надлежниот орган може да го одбие барањето на работникот за отсутво од претходниот став ако отсуството неповолно се одразува на процесот на работата.

Член 53

Решение за користење на отсуството од работа со и без надомест на плата како и за мирување на правата и обврските од работен однос во случаите предвидени со Закон донесува работоводниот орган или лице овластено од него, што се регулира во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

**3. Заштита при работа**

Член 54

Претпријатието е должно да ги обезбеди потребните услови за заштита при работа заради што процесот на трудот ќе го организира на начин со кој се обезбедува сигурност при работата и заштита на здравјето на работниците, граѓаните и природната околина, односно ќе создаде услови за работа и ќе ги преземе пропишаните мерки и нормативи и други општо признати мерки за заштита при работа со кои се обезбедува психофизичко здравје и лична безбедност на работниците, граѓаните и природната околина.

Претпријатието е должно при воведување на било која нова технологија да се грижи да не се загрозува здравјето на работниците и да не влијае штетно на работната и животната средина.

Претпријатието формира орган за заштита при работа, составен од еден претставник на Синдикатот и две стручни лица од областа на заштитата при работа кои ги именува работоводниот орган.

Начинот и видот на остварување на заштитата при работа, односно мерките и нормативите за заштита на работа претпријатието е должно да ги уреди со Правилник за заштита при работа, кој го донесува органот на управување во рок од 30 дена од денот на потпишување на Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 55

Работникот е должен да се придржува кон мерките за заштита при работа и работите на работното место да ги извршува со внимание заради обезбедување на својот живот и здравје, како и животот и здравјето на другите работници и граѓаните.

Член 56

Работникот има право и должност пред распоредувањето на работното место да се запознае со пропишаните мерки за заштита при работа во врска со работата што треба да ја врши, како и со организирањето и спроведувањето на заштитата при работа.

Претпријатието е должно да го запознае работникот со сите опасности на работата и со правата и обврските во врска со заштитата при работа и условите за работа.

Работникот има право да одбие да работи ако му се заканува непосредна опасност за животот или здравјето поради тоа што не се донесени актите утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатието или не се спроведени пропишаните мерки за заштита при работа.

Член 57

Претпријатието е должно да обезбеди здравствено-превентивен програмиран одмор како мерка на заштита на работа и за чување на здравјето на работниците кои работат во посебно тешки услови утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Претпријатието е должно во рокови и на начин утврден со Закон и Колективен договор на ниво на претпријатието да обезбеди редовни систематски прегледи на работниците заради рано откривање на професионалните заболувања и нивно ефикасно лекување.

Член 58

Претпријатието е должно работникот кој во процесот на работата станал инвалид, односно му се намалила работната способност, да го распореди на соодветно работно место во рок од 15 дена по правосилноста на решението со кое се утврдуваат изменетите работни способности на работникот.

Член 59

Синдикатот има право на увид во примената на пропишаните мерки и нормативи за заштита на работниците при работа.

Во случај кога не се обезбедува нивна соодветна примена, Синдикатот може да бара од работоводниот орган да се почитуваат пропишаните мерки и нормативи за заштита на работниците при работа.

Ако барањето од став 2 на овој член не се почитува, Синдикатот може да побара заштита од инспекцијата на трудот, а потоа да стапи во штрајк.

Член 60

Согласно овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието органот на управување донесува Програма за обезбедување на заштитата на жените, инвалидите и работниците помлади од 18 години во согласност со Законот.

На работник помлад од 18 години неможе да му се определи да работи подолго од полното работно време.

На работник помлад од 18 години може да му се утврди работно време пократко од полното за работни места утврдени во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

## IV. ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС ПОРАДИ ЕКОНОМСКИ, ТЕХНОЛОШКИ, СТРУКТУРНИ И ДРУГИ ПРОМЕНИ (И ДРУГИ ПРАВА)

Член 61

Престанување на потребата од работа на работниците поради технолошки, економски, организациони и слични причини се утврдува со изготвување на Програма што ја донесува органот на управување на предлог на работоводниот орган.

Програмата од став 1 се донесува по претходно прибавено мислење од Синдикатот во претпријатието кој е должен да го достави во рок од 15 дена.

Одлуката за престанување на потребата од работа на работниците ја донесува работоводниот орган по претходно прибавено мислење од Синдикатот на претпријатието кој е должен да го достави во рок од 30 дена.

За содржината на Одлуката е потребно да се известат работниците најмалку 6 месеци пред да настапи престанок на работниот однос по основ на овој член.

Член 62

На работник за чија работа престанува потребата поради технолошки и други унапредувања со кои се придонесува за зголемување на производството и се зголемува успехот на претпријатието не може да му престане работниот однос додека не му се обезбеди едно од следните права по основ на работа, во согласност со критериумите утврдени со Закон и овој Договор:

1. Вработување во друго претпријатие без огласување на работното место со преземање и склучување на договор за работа на работно место кое одговара на неговата стручна подготовка, односно квалификација
2. Стручно оспособување, преквалификација или доквалификација за работа на работно место во претпријатието или во друго претпријатие.
3. Еднократен надомест во вид на испратнина во висина од едномесечна плата на работникот за секои две години работен стаж, а најмногу 12 месечни плати, остварена во претходниот месец од денот на престанок на работниот однос, што се исплатува со денот на престанок на работниот однос.
4. Скратување на работното време во рамките кои ги дозволува Законот.
5. Чекање на работа со право на надомест на плата.

Член 63

Кога за определен број работници престанала потребата за работа, а на работното место работат два или повеќе работници за вишок се утврдуваат работниците кои исполнуваат еден од условите за одење во пензија.

Член 64

Доколку на исто место работат работници со различни степени на стручна подготовка и квалификација од определен вид на занимање, предност да го задржат работното место имаат работниците со соодветен степен на стручна подготовка и квалификација од определен вид на занимање предвиден со актот за систематизација.

Член 65

Доколку на исто работно место работат работници со ист степен на стручна подготовка и квалификација

од определен вид на занимање, предност да го задржат работното место имаат работниците со поголема успешност во работењето. Оценка за успешноста дава работодавецот односно од него овластен орган претставува резултат од најмалку тримесечен претходен период.

Член 66

Доколку на исто работно место работат работници со ист степен на стручна подготовка и квалификација од определен вид на занимање и иста успешност во работењето, предност да го задржат работното место имаат работниците со подолго работно искуство на исто работно место.

Член 67

Доколку по предходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место имаат работниците со поголем работен стаж.

Член 68

Доколку по предходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место имаат работниците со поголема возраст, но при тоа не исполнуваат еден од условите за одење во пензија.

Член 69

Доколку по предходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место имаат работниците со полоша здравствена состојба утврдена од надлежен здравствен орган.

Член 70

Доколку по предходните критериуми работниците се наоѓаат во иста положба, предност да го задржат работното место имаат работниците кои се наоѓаат во полоша економска социјална состојба, согласно со критериумите утврдени во Колективен договор на ниво на претпријатие.

Член 71

Секој од наведените критериуми се применува посебно за себе.

Подетална разработка на наведените критериуми ќе се изврши со Колективен договор на претпријатието.

Член 72

Кога ќе престане потребата за работа на одреден број работници, а дел од работниците со иста стручна подготовка на определен вид од занимање, знаење и способност може да се задржат на работа, предност да го задржат работното место имаат:

- работничка за време на бременост, породилно отсуство, отсуство поради нега и заштита на дете и со дете до две години;
- родител со потешко хендикепирано дете;
- самохран родител, односно посвоител на дете до 7 години;
- инвалид на трудот и работници со професионално заболување;
- еден од брачните другари што се вработени во претпријатието;
- работник кој има до 5 години за остварување право на пензија,
- единствен хранител во семејството кој нема други приходи;
- работници помлади од 18 години;
- работници за време на приправнички стаж;
- синдикалните претставници на кои им трае мандатот;
- други работници на кои им мируваат правата од работен однос.

Член 73

Остварувањето на правата утврдени со Закон за работникот за чија работа престанала потребата поради технолошки, економски, организациони и слични причини се врши по претходно запознавање на работниците со можностите, условите и обврските за прераспоредување во претпријатието, во друго претпријатие, преквалификација, и другите права утврдени со Закон.

## V. ПРИВРЕМЕН ПРИНУДЕН ОДМОР

Член 74

Работоводниот орган, врз основа на изготвена Програма за надминување на потешкотиите во работењето на претпријатието, претходно го информира Синдикатот за условите и околностите во кои може да се организира привремен принуден одмор.

Во услови на целосно или делумно престанување на производниот процес или намалување на обемот на работа, економски тешкотии во определени организациони делови, односно делови на производниот процес на претпријатието, работниците од тие организациони делови односно производни процеси се упатуваат на привремен принуден одмор (во понатамошниот текст ППО).

Под организационен дел од смисла на став 1 се подразбираат погоните, работните единици и стручните служби во претпријатието.

Под делови на производниот процес во смисла на став 1 од овој член се подразбира заокружен дел на технолошко-техничкиот процес во погонот - работната единица, односно заокружен дел од процесот на работа во стручните служби на претпријатието.

Член 75

При определувањето на работниците кои се упатуваат на ППО мора да се обезбеди техничка сигурност и физичко-техничко обезбедување и одржување на објектите и постројките во организациониот дел во кој се организира ППО, да се обезбеди сигурноста на електроенергетскиот систем на претпријатието и квалитетот во работата на останатите организациони делови на претпријатието од процесот на производството.

Член 76

Работоводниот орган го определува организациониот дел односно делот на производниот процес односно работата во кој се организира ППО и неговото времетраење.

Врз основа на одлуката на работоводниот орган за организирање на ППО, одговорното лице на организациониот дел во кој се организира ППО изготвува план за спроведување на ППО, и со решение поединечно ги определува работниците кои се упатуваат на ППО, како и времетраењето на одморот.

Приговорот поднесен против решението за упатување на работникот на ППО не го задржува извршувањето на решението.

Планот за спроведување на ППО содржи: број на работници кои се упатуваат на ППО, времетраењето на ППО поединечно за секој работник, бројот на работници кои остануваат на работа, работите кои се извршуваат од работниците кои не се упатени на ППО заради обезбедување на рботите од претходниот член од овој Договор, можности за наизменично упатување на работниците на ППО, очекуваните економско-финансиски ефекти од организирањето на ППО и други прашања значајни за неговото организирање.

По престанувањето на причините поради кои бил оргнизиран ППО работоводниот орган со Одлука утврдува дека престанала потребата за организирање на ППО во организациониот дел, односно делот на произ-

водниот процес и дека се создадени услови за редовно производство, односно работа во истиот.

Член 77

Упатувањето на работниците на ППО се врши на следниот начин:

1. Во организационите делови, деловите на производниот процес, односно работата каде процесот на производство, односно работа целосно престанал на ППО се упатуваат сите работници освен работниците кои се неопходни за обезбедување на работите од член 73 на овој договор.

2. Во оние организациони делови, делови на производниот процес односно работа каде делумно престанал или се намалил обемот на производството, односно работата на ППО се упатуваат сразмерен број на работници.

Работниците од став 1 точка 2 на овој член се упатуваат на ППО според следните критериуми:

1. Успешност во работата
2. Стручна подготовка на работниците
3. Работно искуство во струката

Оценка за успешноста на работникот во работата на предлог на непосредниот раководител дава одговорното лице на организациониот дел во кој се организира ППО. Доколку работниците покажуваат еднаква успешност предност да останат на работа имаат работниците кои се со повисок степен на стручна подготовка а работат на исти работи.

Доколку работниците покажуваат еднаква успешност и имат ист степен на стручна подготовка, а вршат исти работи предност да останат на работа имаат работниците со поголемо работно искуство.

При еднакво исполнување на критериумите од овој член предност да остане на работа има:

- работник-самохран родител,
- еден од брачните другари, доколку двајцата работат во претпријатието и во исто време треба да се упатат на ППО
- работникот определен од одговорното лице на организациониот дел на претпријатието во кој се организира ППО.

Член 78

Претставникот на Синдикатот на ниво на претпријатието односно претставникот на Основната организација – подружницата не можат да се упатуваат на ППО.

Член 79

Организирањето на ППО трае се до престанувањето на причината поради која ППО е организиран.

За времетраењето на ППО работникот може да биде упатен на ППО и повеќе од 60 дена непрекинато, што се утврдува со Планот за спроведување на ППО и решението на одговорното лице на организациониот дел.

Член 80

Доколку работникот за време додека е на ППО се оддалечи или го смени регистрираното место на живеење, должен е веднаш да ја пријави промената во кадровската служба на организациониот дел во кој се организира ППО.

Член 81

Работникот го крши работниот ред и дисциплина и работната обврска ако не се јави на работното место во рок од 48 часа од денот определен со уредно доставеното известување дека треба да се јави на работа, а за причината за своето нејавување не ја известил кадровската служба на организациониот дел во рок од 24 часа од денот кога настапила причината.

Член 82

Работниците кои ќе останат на работа за времетраењето на ППО во организациониот дел ќе извршуваат и работи од доменот на службата, односно одделението во кое е распореден работникот кои не се во описот на неговото работно место, а одговараат на стручната и работна способност на работникот.

Работникот од став 1 на овој член ја задржува платата од работното место на кое е распореден, ако е тоа за него поповолно.

Непридржувањето кон одредбите на овој член од страна на работникот претставува кршење на работниот ред и дисциплина и работните обврски.

Член 83

По истекот на времето за кое е организиран ППО во организациониот дел се изготвува анализа за ефектите од организирањето на ППО.

## VI. ДОЛЖНОСТ И РАБОТНИ ОБВРСКИ

Член 84

Работникот во претпријатието на работа и во врска со работата има определени должности и работни обврски кои се остваруваат во процесот на заеднички организираната работа во која секој работник врши определена работа односно извршува определени задачи.

Член 85

Работникот ги има особено следните должности и работни обврски:

- да го чува имотот на претпријатието и спрема него да се однесува со внимание на добар стопанственик,
- совесно да ги извршува работите и задачите кои му се довеpуваат,
- да се придружува кон мерките за заштита на работа,
- редовно и навремено да доаѓа на работа и совесно да го користи работното време,
- веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа да го извести надлежниот орган на претприајтието ако од било кои причини е спречен да дојде на работа,
- да негува добри односи со другите работници,
- да се придржува кон мерките за противпожарна заштита,
- да учествува во спречувањето на елементарни непогоди и да ги отстранува штетните последици,
- да го спречува расипништвото, злоупотребата и појавите на користољубие на штета на средства на претпријатието
- да го чува и унапредува угледот на претпријатието,
- пристојно да се однесува кон деловните партнери и гости,
- да ги чува податоците кои претставуваат деловна, воена и друга тајна утврдена со Законот или акт на претпријатието,
- да укажува на неправилности во работењето
- да дава помош на други работници во работата
- да не ги користи своите овластувања спротивно на Законот и актите на претпријатието,
- да ги извршува одлуките на судовите, органите на управување и раководење на претпријатието.

## VII. УЧЕСТВО НА РАБОТНИЦИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

Член 86

Во управувањето со претпријатието работниците учествуваат во согласност со Законот и одредбите на Статутот на претпријатието.

## VIII. СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И ОБРАЗОВАНИЕ

Член 87

Работникот има право и должност да се оспособува и усовршува во согласност со потребите на процесот на трудот и развојот на претпријатието.

Претпријатието создава материјални, организациони и други услови за оспособување и усовршување на работниците.

Член 88

План за образование на работниците донесува органот на управување на претпријатието во функција на потребите на процесот на работа на претпријатието.

За користење на правата за образование врз основа на планот, Одлука донесува работоводниот орган.

Член 89

Образованието на работниците што се огрнизира во работно време за потребите на претпријатието е работна обврска, па поради тоа се смета во редовно работно време, а на работникот му припаѓаат сите права како да бил на работа.

1. Ученици и студенти на пракса

Член 90

Со Колективниот договор на ниво на претпријатие се утврдуваат прифаќањето на ученици и студенти на практична работа, обуката за заштита, надоместоците и другите услови.

## IX. ИНФОРМИРАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 91

Работоводниот орган на претпријатието е должен редовно и навреме да ги информира работниците и Синдикатот за:

- годишни и повеќегодишни планови за развој
- позначајни деловни и развојни решенија што влијаат на економската и социјалната положба на работниците,
- организациони промени во претпријатието,
- годишни деловни резултати,
- нацртите, односно предлозите на акти и одлуки со кои согласно Колективниот договор на претпријатието, се уредуваат правата и положбата на работниците,
- платите, надоместоците и други примања и станбени прашања, согласно Колективниот договор на претпријатието.

Информациите од претходниот став работоводниот орган ги дава пред органот на управување, преку весниците на претпријатието и други начини.

За информирање на работниците во претпријатието постојат весници, билтени, соопштенија и други видови на информирање.

## X. УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА СИНДИКАТОТ

Член 92

Активноста на Синдикатот не може да се ограничи со Одлука на органите на претпријатието и од страна на работоводниот орган.

Претпријатието е должно да му создава услови за работење и дејствување на Синдикатот согласно Законот, Општиот колективен договор за стопанство, овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието, односно:

- на барање на Синдикатот да му се доставуваат податоци и информации за оние прашања што имаат најнепосредно влијание на материјалната и социјална положба на членовите на Синдикатот како и информации за општествено-економската, материјалната и социјалната положба на работниците од работа и работниот однос,
- Синдикатот да дава мислења и предлози во постапката на донесување на одлуки и решенија што имаат битно влијание на материјалната и социјална положба на работниците, а органите на претпријатието да ги разгледуваат мислењата и предлозите во присуство на претставник на Синдикатот,
- Синдикатот да дава мислење и предлози во постапката на утврдување на одговорноста на работникот за сторени повреди на работните обврски, како и застапување на работниците пред надлежните органи на претпријатието и надвор од него,
- да се обезбедат стручни и административно-технички услови за работа на Синдикатот за остварување на синдикалната функција во согласност со надлежниот орган на претпријатието и овозможи собирање на синдикалната членарина,
- на претставникот на Синдикатот да му се овозможи непречено комуницирање со претставниците на органот на управување и работоводниот орган како и да му се дозволи пристап на работни места во претпријатието, кога е тоа неопходно за остварување на функцијата на Синдикатот и заштита на членовите на Синдикатот.

Член 93

На претставникот на Синдикатот му се овозможува ослободување од работа за негово оспособување и ефикасно вршење на функциите на Синдикатот и тоа:

- до 40 часа во текот на месецот за претставникот на Синдикатот на ниво на претпријатието,
- до 20 часа во текот на месецот за претставникот на Синдикатот на ниво на дел од претпријатието (погон)и
- до 10 часа за преставник на Синдикатот на ниво на дел од претпријатието (работна единица).

Времето определено во став 1 од овој член претставникот на Синдикатот ќе го користи спрема потребите на синдикалните активности.

За тоа време претставникот на Синдикатот има право на надомест на плата во висина на неговата плата и сите други остварувања и надоместоци.

Начинот и времето на користење на слободните часови на синдикалниот претставник се уредуваат со посебен Договор за условите за делување на Синдикатот во претпријатието.

Член 94

Претставникот на Синдикатот во претпријатието со над 500 членови функцијата ја обавува професионално.

За тоа време му припаѓа плата во висина на онаа што ја имал пред отпочнување на функцијата, но не помалку од основната плата што ја добиваат работниците од VII група на сложеност. Неговата плата се валоризира со остварениот пораст на платите во претпријатието и тој има право на плата од добивка.

Платата на синдикалниот претставник ја обезбедува претпријатието.

Член 95

Претставникот на Синдикатот не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во понеповолна положба, вклучувјаќи го и неговото отпуштање од работа поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на работниците, за време на мандатот и најмалку 2 години по истекот на мандатот, доколку постапувал во согласност со Законот, Општиот колективен договор за стопанство, овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 96

Остварувањето на својата функција и улога Синдикатот ја врши по пат на:

- преговарање со работоводните органи, органите на управување во претпријатието и државните органи,
- посредување за остварување на барањата,
- колективно договарање,
- штрајк.

Член 97

Претпријатието, односно работоводниот орган на претпријатието потпишуваат писмен договор со Синдикатот за условите за работа и дејствување на Синдикатот во претпријатието.

Член 98

Претставникот на синдикалната организација поради синдикални активности со кои се штитат правата и интересите на членовите не може:

- да биде распореден на друго работно место кај ист или друг работодавец,
- да биде утврден како технолошки вишок и распореден по тој основ,
- против него да се покрене постапка, односно да му престане работниот однос со отказ,
- да му се намалува платата, освен ако не се намалува платата на сите работници во претпријатието, согласно член 117 од овој Договор,
- да биде испратен на привремен принуден одмор.

Член 99

Член на Синдикатот, кој е избран односно именуван во органите на Синдикатот, со што е потребно привремено да престане да работи во претпријатието има право по престанувањето на функцијата што ја вршел да се врати во претпријатието на работи и работно место кое одговара на неговата стручна подготовка за што се склучува посебен договор со претпријатието.

## XI. ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ШТРАЈК

Член 100

Штрајкот е организиран прекин на работа на работниците во претпријатието заради остварување на економските и социјалните права и интереси по основ на трудот.

Правото на штрајк во претпријатието се остварува под услови утврдени со Закон, овој Договор, Правилата за штрајк и Колективниот договор на ниво на претпријатието, под услов ако оправданите барања на работниците не се решат со други средства и методи и тоа:

- преговори со работоводниот орган,
- посредување за остварување на барањата и
- колективно договарање.

Член 101

Работниците во претпријатието слободно одлучуваат за своето учество во штрајкот.

Член 102

Доколку Синдикатот оцени дека не се остваруваат правата на работниците утврдени со Колективен договор и други регулативи стапува во преговори со работоводните органи, државните органи и други органи и субјекти, посредува во остварувањето на барањата на работниците и бара да се превземат соодветни мерки.

Ако спорните прашања не се решат по пат на преговори, Синдикатот бара изјаснување на работниците (членови на Синдикатот) за стапување во штрајк.

Штрајкот го организира и води Синдикатот – потписник на овој Колективен договор во согласност со Законот за штрајк, овој Колективен договор, Колективниот договор на ниво на претпријатието, Синдикалните правила за штрајк, Упатството и документите на СХНМ за организирање и водење на штрајк.

Член 103

Штрајкот може да се организира во дел од претпријатието, во претпријатието и во гранките.

Одлука за стапување во штрајк на работниците во дел од претпријатието, односно претпријатието донесува органот на синдикалната организација на тоа претпријатие, по претходно изјаснување на работниците и остварен договор со раководството на СХНМ.

Одлука за стапување во штрајк на работниците од дадената гранка носи Одборот на СХНМ.

Член 104

За организирањето на штрајк синдикалниот претставник е должен да го извести претседателот на СХНМ најмалку 10 дена пред организирањето на штрајкот и да оствари договор за преземање мерки и активности и соодветна примена на документите на СХНМ за време на штрајкот.

Член 105

Секој работоводен орган е должен со Колективен договор на ниво на претпријатието, односно општ акт да пропише минимум работи кои мораат да се извршуваат за време на штрајк заради обезбедување на виталните функции на процесот на производство, сигурност на луѓето и имотот, обезбедување на незаменливи услови за животот и работата на граѓаните и други претпријатија, извршување на меѓународни обврски превземени од страна на државата како и начинот на нивното извршување за време на штрајкот.

Член 106

По правило штрајкувачки одбор е синдикалното раководство, но во него може да се кооптираат и други членови под услов да се членови на СХНМ.

Во штрајкувачкиот одбор се обезбедуваат и правник и економист од членовите на Синдикатот во претпријатието, ако има такви.

Штрајкувачкиот одбор одредува група за преговори. Преговорите мора да бидат брзи и ефикасни. За текот на преговорите се информира штрајкувачкиот одбор и членството.

Ако се оцени дека барањата се задоволени, штрајкот се прекинува, а ако се оцени дека барањата се делумно задоволени штрајкот може да се стави во мирување за одреден дефиниран рок.

Член 107

Заради обезбедување на извршувањето на работите од работните места определени со Одлуката на работоводниот орган, секој надлежен орган е должен да превземе соодветни мерки од својот домен и тоа:

1. Одговорното лице на дел од претпријатието, односно работоводниот орган на претпријатието ги превзема следните мерки:

- во периодот од најавата до почетокот на штрајкот определен со Одлуката за штрајк изготвува Програма со која ги одредува минимум работите кои мораат да се извршуваат заради обезбедување на претпоставките од член 104, ги определува извршителите на работните места врз основа на писмен договор остварен со Синдикатот (штрајкувачкиот одбор);

- организира физичко-техничко обезбедување на објектите, постројките и другите објекти на претпријатието;

- превзема мерки за обезбедување на сигурноста на граѓаните и работниците кои продолжуваат да работат;

- презема други активности предвидени во Колективниот договор на претпријатието.

2. Работниците на претпријатието:

- учествуваат во штрајкот без да ги попречуват работниците што ќе продолжат редовно да ги извршуваат работите;

- совесно и одговорно се однесуваат во заштита на објектите, постројките и другиот имот на претпријатието;

- правото на штрајк го остваруваат на местото определено од страна на штрајкувачкиот одбор;

- ако ги извршуваат своите работни обврски, по завршувањето на смената се приклучуваат на штрајкот.

3. Штрајкувачкиот одбор:

- се избира од синдикалното раководство, односно синдикалното раководство се прогласува за штрајкувачки одбор;

- го организира и води штрајкот во согласност со Закон, овој Договор, Колективниот договор на претпријатието, синдикалните правила за штрајк и Упатството за организирање и водење на штрајк на СХНМ;

- донесува Одлука за штрајк ако спорните прашања не се решат по пат на преговори, по претходно добиено мислење од членството за стапување во штрајк;

- во согласност со работоводниот орган го определува местото во кругот, односно работните простории на претпријатието на кое работниците - учесници во штрајкот ќе го остваруваат правото на собирање и превзема мерки со кои се обезбедува собирање на учесниците во штрајкот на тоа место (собирањето на учесниците не може да биде на места каде би се попречувал процесот на работа);

- превзема мерки за спречување на учество во штрајкот на лица кои не се вработени во претпријатието, односно делот на претпријатието каде се остварува штрајкот, со исклучок на претставници на повисоките органи на Синдикатот кои добиваат дозвола од штрајкувачкиот одбор;

- превзема мерки за спречување на оштетување или онеспособување на објектите односно имотот на претпријатието од страна на учесниците на штрајкот или други лица;

- не треба да го попречува работењето на работниците кои ќе продолжат да ги извршуваат работите, ако се изјасниле дека не сакаат да штрајкуваат;

- соработува со работоводниот орган, овластените лица во деловите на претпријатието заради обезбедување на претпоставките од член 104 и не може да ги попречува во раководењето ниту самовласно да го превзема раководењето со производниот процес.

Член 108

Работникот кој не ги почитува одредбите на Колективниот договор и синдикалните правила за штрајк како и упатствата и одлуките на синдикалните органи, нема заштита од страна на Синдикатот ако работоводниот орган поведе постапка за утврдување на неговата одговорност.

Против него ќе биде покрената постапка во основната организација и во СХНМ, врз основа на Статутот на СХНМ, Статутарната одлука на основната организација и Упатството за организирање и водење на штрајк на СХНМ.

Член 109

Заштита на правата гарантирани со овој Договор од страна на Синдикатот уживаат само членовите на Синдикатот кои редовно ги извршуваат обврските и се придржуваат кон Упатството и насоките на синдикалните претставници.

Член 110

За време на штрајкот кој го организира и води Синдикатот-потписник на овој Колективен договор, работниците - членови на СХНМ ги остваруваат сите права од работен однос, вклучувајќи го и правото на материјален надоместок, кој за време на штрајкот изнесува најмалку 60% од најниската плата утврдена со овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатие.

Член 111

Заради остварување на физичкиот план на производството работниците се должни да го надоместат изгубеното производство за време на штрајкот.

Одлука за извршување на планските задачи и одработување на изгубените денови донесува работоводниот орган во согласност со Синдикатот и во тој случај работниците остваруваат плата во согласност со овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

## XII. ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ДРУГИ ПРИМАЊА

Член 112

Платата се пресметува и исплатува најмалку еднаш месечно, во паричен износ.

Работодавецот е должен да води евиденција на платата, надоместоците и на исплатените придонеси од плата, а на работникот да му издава потврда за исплатената плата, односно, надоместоците и придонесите.

Член 113

Платата на работникот се состои од:

1. Плата за сразмерно извршената работа

2. Плата врз основа на придонесот на работникот во создавањето на добивката.

Платата сразмерно на извршената работа се состои од:I - постојан дел - основна плата

- додаток на платата по основ на работен стаж

- додаток на плата по основ на услови за работа потешки од нормалните.

II - променлив дел (стимулативен дел), кој зависи од остварените резултати на секој работник поединечно.

**1. Плата за извршената работа**

Член 114

Платата на работникот за работа со полно работно време и нормален учинок утврдена врз основа на сложеноста на работните задачи, не може да биде пониска од најниската плата утврдена за одделни степени на сложеност според овој Договор (основна плата).

Член 115

Основната плата се утврдува врз основа на цената на работната сила и соодветниот коефициент на сложеност на работите што ги извршува работникот при нормални услови за работа.

Член 116

Најниската плата со која се обезбедува социјална и материјална сигурност на работникот договорно ја утврдуваат и објавуваат потписниците на Општиот колективен договор, најмалку еднаш квартално.

Доколку според податоците на Републичкиот завод за статистика месечниот пораст на трошоците на живот е над 5%, најниската плата од став еден на овој член се усогласува и објавува месечно.

Најниската плата од предходниот став на овој член се усогласува месечно со порастот на трошоците на живот според податоците на Републичкиот завод за статистика.

Член 117

Цената на работната сила (најниската плата) за најнизок степен на сложеност за полно работно време, при нормален работен учинок и нормални услови за работа во претпријатието изнесува најмалку 10% повеќе од цената утврдена во Општиот колективен договор за стопанството на Република Македонија.

Работодавецот кај кого настанале тешкотии во работењето, врз основа на изготвена програма со која се обезбедува надминување на настанатите проблеми и мислење од Синдикатот може да утврди отстапување од најниската плата може да изнесува повеќе од 20%, а намалувањето неможе да трае подолго од 6 месеци.

По исклучок, кога се присутни објективни околности кои објективно ги нарушуваат тековите на репродукцијата, отстапувањето од став 2 на овој член може да се зголеми, доколку се оцени дека тоа е услов за избегнување на стечајната постапка.

Работодавецот е должен, доколку финансиските можности според периодичната, односно, годишната пресметка тоа го овозможува, на работниците да им изврши исплата на разликата меѓу основната плата и помалку исплатената плата во смисла на став 1 и 2 на овој член.

Член 118

Сложеноста на работите на одредено работно место се одредува така што вредноста на работите на најнискиот степен на сложеност се множи со коефициентот на сложеноста утврден за групата на работи на која припаѓа соодветното работно место, поаѓајќи од следните групи на работи и коефициенти:

I-група на работи кои подразбира едноставен рутински труд кој не бара посебно образование . . . . . . . 1,00

II-група на работи кои подразбира помалку сложени работи, составени од слични работни операции кои се повторуваат и извршуваат со едноставни средства за труд и за кои се доволни писмени упатства . . . . . . . 1,20

III-група на работи кои подразбира средно сложени работи на кои работата се повторува со повремена појава на нови работи 1,45

IV-група на работи кои подразбира посложени и разновидни работи и задачи за чие извршување се потребни консултации . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1,70

V-група на работи кои подразбира посложени и поразновидни задачи кои бараат повисок степен на самостојност во извршувањето на работите . . . . . . . . . . . . 2,00

VI-група подразбира сложени работи во непосредно производство, работи на организирање, работи во подготовка на процесот на трудот, посебни задачи во областа на услугите, административните и деловни функции . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 2,30

VII-група подразбира мошне сложени работи што бараат иницијативност и креативност на работникот во стручното водење на контролата, подготовката, анализата и организацијата на работниот процес, проектирање на работите за што е потребно заокружено теоретско и практично знаење . . . . . . . . . . . . . . . . . 2,70

VIII-група на работи подразбира мошне сложени работи за што е неопходно специјалистичко знаење заради извршување на високо стручни и сложени работи, вклучувајќи и работа на научно-истражувачки проекти . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3,00

IX-група на работи подразбира најсложени работи со најголемо значење за водење на процесот на производството и стопанисување, креативни работи, истражувчки труд и др. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 3,30

Член 119

Во рамките на дадените односи со коефициентите за сложеност по групи на работи од претходниот член, работодавецот со помош на методологија за вреднување содржана во Колективен договор на претпријатието, утврдуваат коефициент на сложеност за секое работно место и коефициент на конкретните услови во кое се извршуваат истите.

При утврдување на коефициентот на условите за работа на работните места во непосредното производство за кое е пропишана заштитна опрема се обезбедува коефициентот за услови да учествува најмногу до 30% од вкупната сложеност на работното место.

Член 120

Основната плата на работникот по час се зголемува:

| | |
|---|---|
| - за прекувремена работа | 35% |
| - за работа ноќе најмалку | 35% |
| - за работа во две смени | 5% |
| – за работа во три смени | 10% |
| - за работа во турнус | 15% |

Член 121

Работникот може да има право на 0,5% додаток на основната плата за секоја измината година пензиски стаж што ќе биде регулирано со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 122

Со Колективен договор на претпријатието, се утврдуваат конкретни мерила и критериуми за пресметување и оценување на придонесот на работниците во остварување на резултатите, по кој придонес ќе им се пресметува плата. Основи според кои ќе се утврдуваат мерилата и критериумите се:

- обем на извршена работа;
- квалитет на извршената работа;
- заштеди при вршење на работа;
- користење на работно време и др.

Член 123

Работникот кој со спогодба времено е распореден кај друг работодавец на работно место кое одговара на неговиот степен на стручна подготовка не може да добие плата прониска од основната плата што ја имал пред распоредувањето.

Член 124

Работникот со намалена работна способност предизвикана од старост и истоштеност, ако е 5 години пред одење во пензија е распореден на помалку вреднувано работно место, добива плата во висина на основната плата од претходното работно место, валоризирано со тековниот пораст на платите кај работодавецот.

Член 125

При привремено распоредување на работникот, во случаите од член 25 од овој Договор, работникот има право на плата што би ја остварил кога би работел на своето работно место ако тоа за него е поповолно.

Член 126

Платата на работоводните органи и работниците со посебни овластувања и одговорности утврдени со Статутот или друг акт на работодавецот, ја определува органот што ги избрал, во согласност со актот на работодавецот.

**2. Плата врз основа на придонесот на работникот во создавањето на добивката**

Член 127

Работникот има право на плата и по основ на придонесот во создавањето на добивката по критериуми утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

**3. Надоместоци на плата**

Член 128

Работодавецот на работникот му исплатува надомест на плата за:

- годишен одмор;
- празници и неработни денови утврдени со закон;
- стручно оспособување, преквалификација и доквалификација во согласност со потребите на работодавецот;
- воена вежба и учество во обука за одбрана и заштита;
- бременост, раѓање и мајчинство;
- за време на времена неспособност за работа (боледување);
- за време прекин на работа без вина на работникот;
- и други случаи утврдени со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Надоместокот на плата на работникот од став 1, алинеа од 1 и 3 на овој член се утврдува во висина на исплатената плата на работникот за периодот утврден со Колективен договор на ниво на претпријатие, кој не може да биде подолг од последните 3 месеци.

Надоместокот на плата од став 1, алинеа 4, 5 и 6 од овој член се утврдува согласно Закон.

За време на прекин на работа до кој дошло без вина на работникот, на работникот му припаѓа надоместок на плата во висина од:

- 100% за прекин на работа до 8 часа
- 80% за прекин на работа до 30 дена
- 70% за прекин на работа над 30 дена,

при што основица за пресметување претставува основната плата на работникот.

Член 129

Работниците упатени на привремен принуден одмор имаат право на надоместок на плата во висина од најмалку 70% од основната плата.

Член 130

За време на приправничкиот стаж на работникот му припаѓа најмалку 80% од основната плата предвидена за работното место за кое се оспособува.

Член 131

Надоместокот по основ на придонесот во зголемувањето на доходот и добивката од иновации, рационализации и други видови творештва, се утврдува со договор склучен помеѓу работникот и работодавецот.

**4. Други примања**

Член 132

Работникот има право на регрес за исхрана во висина од 25% од просечната месечна плата по работник во стопанството на Р. Македонија исплатена во претходните 3 месеци.

На работниците на кои не може да им се обезбеди исхрана за време на работа им се исплатува паричен надоместок во предвидениот износ од став 1 на овој член.

Член 133

Работникот има право на регрес за годишен одмор во висина на просечната месечна плата по работник исплатена во стопанството на Републиката во претходните три месеци.

Член 134

Работникот има право на отпремнина при заминување во пензија согласно Закон и Општиот колективен договор.

Отпремнината при заминувањето во пензија се исплатува при исплатувањето на последната плата.

Член 135

Надоместокот за дневници за службени патувања во земјата се утврдува со акт на претпријатието.

Дневниците за службено патување во странство се исплатуваат во висината на износот што е пропишан за работниците во органите на управата.

Дневниците за службено патување и регресот за исхрана меѓусебно се исклучуваат.

Член 136

Работникот има право на теренски додаток ако работи на терен вон седиштето на работодавецот или вон местото на постојаното или повремено живеалиште во висина која му ги покрива зголемените животни трошоци.

Доколку храната и сместувањето е организирано бесплатно, трошоците кои ги има работодавецот во врска со исхраната и сместувањето се искажуваат како трошоци, а на работниците не им се исплатува теренски додаток.

Доколку работникот плаќа само еден од наведените трошоци му припаѓа само теренски додаток во висина на тој трошок.

Висината на теренскиот додаток се утврдува со акт на претпријатието.

Дневницата за службено патување и теренскиот додаток меѓусебе се исклучуваат.

Член 137

Работникот има право на надоместок за одвоен живот кога тој привремено е распореден односно упатен на работа вон местото на постојано живеалиште на неговото потесно семејство односно работодавецот.

Доколку на работникот му е обезбедено сместување или исхрана, висината на надоместокот се смалува за соодветниот износ. Работникот нема право на надоместок за одвоен живот ако одбие соодветен семеен стан или ако е вселен во семеен стан, а не го преселил семејството.

Висината за надоместокот за одвоен живот се утврдува со акт на претпријатието.

Надоместокот за одвоен живот и теренскиот додаток меѓусебно се исклучуваат.

Член 138

Работникот има право на надоместок во случај на смрт или смрт на член на семејно домаќинство, при потешки последици од елементарни непогоди или при подолго боледување.

Исплатата на надоместокот по овие основи се утврдува во висината на основицата што претставува просечна месечна плата во стопанството на земјата исплатена во последните 3 месеци, односно, со Колективен договор на претпријатието.

Член 139

На работникот му се исплатува надоместок за:

- трошоци за превоз до и од работа над 2 км. во локалниот јавен сообраќај, во случај кога нема организирано превоз, а превозот е утврден како услов при работа,
- покривање на трошоците за користење на сопствен автомобил за потреби на претпријатието,
- покривање на трошоците при селидба за потребите на претпријатието,

Висината на надоместоците на напред наведените цели се утврдува со акт на претпријатието.

Член 140

На работникот му припаѓа еднократен надоместок во вид на испратнина во случај кога му престанал работниот однос со отказ поради економски, технолошки, структурални или слични промени.

Износот на испратнината е во висина на едномесечна плата на работникот за секои 2 години работен стаж, а најмногу 12 месечни плати остварени во претходниот месец од денот на престанокот на работниот однос на работникот што ќе се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

Член 141

За време на извршување на синдикалните активности претставникот на Синдикатот кој функцијата не ја обавува професионално има право на надоместок на плата во висина на неговата плата што ја остварува во тековниот месец.

Член 142

За време на штрајк работниците имаат право на надомест на плата во висина од 60% од најниската плата утврдена со овој Договор, доколку штрајкот е организиран и се спроведува во согласност со Законот, овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 143

На работникот му следуваат и други надоместоци и додатоци кои се утврдени со Колективен договор на ниво на претпријатие.

## XIII. ПРЕСТАНОК НА РАБОТЕН ОДНОС И ОТКАЗ

Член 144

До престанок на работниот однос доаѓа:
- со спогодба;
- по истекот на времето за кое е заснован;
- по сила на Закон;
- со отказ и
- поради економски, технолошки, структурални и слични промени кои ќе се утврдат во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 145

Постапката, органите, условите и начинот на престанок на работниот однос подетално се регулираат во Колективниот договор на ниво на претпријатието, согласно одредбите од Законот, и Општиот колективен договор за стопанство.

Член 146

Работникот има право на отказен рок.

Правото на отказен рок не се остварува доколку отказот се дава поради сериозно кршење на работната дисциплина, што се утврдува во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

### 1. Престанок на работниот однос

Член 147

На работникот му престанува работниот однос со негова согласност и безнегова согласност во случаите, под условите и на начин утврдени со Законот.

На работникот му престанува работниот однос кога ќе наполни 40 години стаж на осигурување без оглед на годините на возраст, односно кога ќе наполни 65 години на живот и 15 години на работен стаж.

Член 148

Работникот кој наполнил 40 години пензиски стаж или 65 години живот и најмалку 15 години стаж на осигурување и на кој по сила на Закон му престанува работниот однос, може да остане во работен однос доколку таква одлука донесе надлежниот орган на претпријатието и тоа под следните услови:

- ако работникот е ангажирен во определен проект од значење за претпријатието, до завршувањето на проектот;
- ако со појавената потреба од засновање на работен однос кај службата надлежна за посредување при вработувањето не може да се обезбеди работник кој ги исполнува условите за работното место;
- во други услови утврдени со Колективен договор на ниво на претпријатието.

Времетраењето на работниот однос за случаите од став 1 на овој член се утврдува во зависност од условите поради кои истиот се продолжува.

Член 149

Во случаите кога работниот однос престанува во согласност или без согласност на работникот отказниот рок изнесува најмалку 30 дена а најмногу 6 месеци, освен кога работниот однос престанува по сила на Законот. Доколку претпријатието и работникот постигнат согласност, работниот однос може да престане без отказен рок.

За време на отказниот рок, кога работниот однос престанува без согласност на работникот, претпријатието е должно да му овозможи на работникот право на отсуство од работа четири дена во текот на еден месец (32 работни часа) заради барање на нови работи.

Член 150

Ако работникот престане со работа по одлука на претпријатието пред истекот на отказниот рок, претпријатието е должно да му исплати надомест на плата до истекот на отказниот рок.

Ако во текот на отказниот рок работникот биде повикан на воена вежба или дослужување на воена обврска или стане привремено неспособен за работа, по негово барање текот на рокот се прекинува и истекот продолжува по враќањето од воена вежба односно воена обврска или по престанок на привремената неспособност за работа.

Член 151

Одлуката за престанок на работниот однос ја донесува работоводниот орган на претпријатието.

Член 152

Одлуката за престанок на работниот однос и причините за донесување на таа одлука мора да му се достави на работникот во писмена форма, со поука за правото на приговор и со назначување на органот до кого приговорот се поднесува.

Член 153

Казната престанок на работен однос со отказ може да се изрече и за други кршења на работната дисциплина или неисполнување на обврски утврдени со Закон, колективен договор и договор за работа освен утврдените во Законот кои ќе бидат наброени децидно во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 154

Работникот кој со својата работа ќе користи податоци кои претставуваат деловна тајна или посебно знаење во обласла на работењето на претпријатието или податоци за корисниците на услугата на претпријатието, за време на траењето на работниот однос, не може дополнително да работи, да биде во договорен однос за друга организација или да работи во друго претпријатие, или на друг начин да го конкурира работењето на претпријатието ниту пак овие податоци и знаења да ги користи во сопствено претпријатие односно дуќан или на друг начин да му нанесува штета и нелојално да се однесува кон претпријатието.

Обврската од став 1 на овој член која е услов за засновање на работен однос, и која треба да се утврди

како обврска и по престанокот на работниот однос поблиску се определува во договор за работа за секој работник согласно природата на неговото работно место.

Член 155

На работникот му престанува работниот однос ако се утврди дека на негово име има регистрирано претпријатие или дуќан или ако работи за друг работодавец односно за негов член од потесно семејство.

**2. Отказен рок**

Член 156

За време на отказниот рок на работникот му се овозможува отсуство од работа во траење од четири работни дена во месецот односно 32 работни часа заради барање на ново вработување.

Распоредот на овие денови во месецот се утврдува односно може да биде регулиран со Колективен договор на ниво на претпријатието.

Член 157

Отказниот рок неможе да биде пократок од 30 дена ни подолг од 6 месеци што зависи од должината на работниот стаж на работникот, причините за отказот, работното место и други услови што треба да бидат регулирани во Колективниот договор на претпријатието, и тоа:

Отказен рок даден од страна на работодавецот на работник кој има:

-работен стаж до 5 години-отказен рок од 1 месец
- до 10 години-отказен рок од 2 месеци
- до 15 години-отказен рок од 3 месеци
- до 20 години-отказен рок од 4 месеци
- до 25 години-отказен рок од 5 месеци
- над 25 години-отказен рок од 6 месеци

Работниот однос со отказ од страна на работникот престанува ако писмено изјави дека сака да му престане работниот однос.

Отказниот рок од претходниот став трае најмалку 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за отказ, ако со претпријатието не се спогодат поинаку.

За време на отказниот рок работникот има права и обврски од работниот однос.

За време на отказниот рок претпријатието е должно да му овозможи на работникот отсуство од работа заради ново вработување според Законот, Општиот колективен договор за стопанство овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

За време на отсуство од работа на став 1 од овој член работникот има право на надоместок на плата и други надоместоци во согласност со овој Колективен договор и Колективен договор на ниво на претпријатието.

## XIV. МАТЕРИЈАЛНА ОДГОВОРНОСТ НА РАБОТНИКОТ

Член 158

Работникот кој по своја вина ќе направи штета на работодавецот во работата, односно во врска со работата е должен да ја надомести штетата.

Постапката за утврдување и наплата на штетата ја покренува работоводниот орган или орган што тој ќе го определи.

Со Колективниот договор на претпријатието се определува органот до кого се поднесува приговор против одлуката за надомест на штетата и оправданите причини за ослободување на работникот од плаќање на штета делумно или целосно.

Член 159

Со Законот и Колективниот договор на ниво на претпријатието се уредува материјалната одговорност, условите, случаите или критериумите кога претпријатието може поради оправдани причини да го ослободи работникот од плаќање на штетите во целина или делумно.

Работникот има право на приговор до органот утврден со Колективниот договор на ниво на претпријатието во рок од 8 дена од денот на доставување на Одлуката.

## XV. ПОСТАПКА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА РАБОТНИКОТ

Член 160

Работникот или подносителот на барањето има право да поднесе приговор против одлуката донесена во постапката во рок од 8 дена сметано од денот на приемот на одлуката преку органот кој ја донел одлуката до органот кој одлучува во втор степен, утврден во Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Приговорот го задржува извршувањето на одлуката.

Член 161

По приемот на приговорот органот кој одлучува во прв степен може со решение да го отфрли приговорот како неблаговремен и недопуштен.

Доколку приговорот е благовремен и допуштен, истиот заедно со мислењето на Синдикатот, доколку е доставен и целокупниот материјал органот од став 1 на овој член ќе го достави до органот утврден во Колективниот договор на ниво на претпријатието како второстепен во најкус можен рок, а не подолго од 5 дена.

Член 162

Второстепениот орган по приговорот одлучува врз основа на факти кои ги утврдил органот кој одлучувал во прв степен а истите може и сам да ги утврдува.

Член 163

По приговорот, второстепениот орган може да донесе една од следните одлуки:

1. Да го одбие приговорот како неблаговремен или недопуштен ако тоа првостепениот орган не го сторил;
2. Да го одбие приговорот како неоснован и да ја потврди одлуката донесена од првостепениот орган;
3. Да го уважи приговорот и ја укине одлуката донесена од првостепениот орган и предметот го врати на повторна постапка и одлучување;
4. Да го уважи приговорот и да ја преиначи одлуката донесена од првостепениот орган.

Член 164

Приговорот ќе се одбие како неоснован и одлуката на првостепениот орган потврди кога првостепената одлука е донесена на основа на Законот, овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Приговорот ќе се уважи, првостепената одлука укине и предметот ќе се врати на повторна постапка и одлучување ако се утврди дека постои повреда на одредбите на постапката или дека фактичката положба е погрешно или нецелосно утврдена.

Првостепената одлука ќе се преиначи ако се утврди дека решителните факти се неправилно утврдени и дека со оглед на утврдената фактичка состојба, по правилна примена на Законот и при одредбите на овој Договор, треба да се донесе поинаква одлука по однос на одговорноста на работникот.

Член 165

Комисијата за заштита на правата одлуката по приговорот должна е да ја донесе во рок од 15 дена од денот на неговото поднесување.

Писмената одлука на работникот му се врачува во рок од 8 дена од денот на нејзиното донесување.

Член 166

Одлуката за парична казна се доставува на Службата за пресметка на платите која на казнетиот работник ќе му ја намали пресметката на платите за износот на паричната казна.

Одлуката за престанок на работниот однос со отказ се извршува со разрешување на казнетиот работник од должност со денот кога му е доставена конечната одлука.

Член 167

Одлуката за изречување на мерката станува конечна:

1. Кога ќе истече рокот за поднесување на приговорот а во тој рок приговорот не е поднесен.

2. Кога второстепениот орган донесе одлука по приговорот со која првостепената одлука ја потврдува или преиначува.

**1. Заштита на правата на работникот**

Член 168

Работникот има право да поднесува барање за остварување на своите права од работниот однос до надлежните органи на претпријатието.

За правата, обврските и одговорностите на работникот одлучува работоводниот орган и други надлежни органи утврдени со Законот, овој Договор и Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 169

Работникот има право на приговор против одлуките што ги донесуваат надлежните органи на претпријатието за неговите права, обврски и одговорности во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на одлуката со која е повредено неговото право односно денот кога дознал за повредата на правото.

Поднесувањето на приговорот од став 1 на овој член го задржува извршувањето на одлуката во претпријатието освен во случај кога со Законот е одредено дека приговорот на работникот не го задржува извршувањето на одлуката.

Член 170

Кога одлуката во прв степен ја донел работоводен орган или друг надлежен орган по поднесениот приговор на работникот одлучува органот определен во Колективниот договор на ниво на претпријатието како второстепен орган.

Член 171

Работникот има право да присуствува на седницата на која се расправа за неговиот приговор и да се изјасни за фактите кои се важни за донесување на одлуката.

Пред донесувањето на одлуката по приговорот на работникот надлежниот орган е должен да побара мислење од Синдикатот и задолжително да го разгледа и да се изјасни за него, доколку Синдикатот го доставил.

Надлежниот орган мора да му овозможи на Синдикатот да учествува во постапката за одлучување по приговорот односно да го застапува работникот ако тоа го прави на барање или во согласност со работникот (член на Синдикатот).

Заштитата на правата на работниците ги остваруваат само членовите на Синдикатот.

## XVI. СКЛУЧУВАЊЕ И ВАЖЕЊЕ НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР

Член 172

Одредбите на Општиот колективен договор за стопанство, овој Договор и нивните измени и дополнувања се применуваат непосредно во обем утврден со нив за сите права на работниците што не се изрично или поблиску уредени со Колективниот договор на ниво на претпријатието.

Член 173

Овој Колективен договор се склучува во писмена форма на определено време и важи 3(три) години од денот на склучувањето.

Важењето на овој Колективен договор може да се продолжи со спогодба на учесниците која се склучува најдоцна 30 дена пред да истекне важноста на Колективниот договор.

Во колку потписниците 30 дена пред истекот не покрената постапка за измена и дополнување на Колективниот договор важноста на Колективниот договор автоматски се продолжува.

Потписниците на овој Колективен договор можат во било кое време спогодбено да го изменат овој Колективен договор со тоа што од последната измена која е извршена, по барање на еден од потписниците треба да измине најмалку 3 месеци.

Член 174

Синдикатот на претпријатието може да го овласти Синдикатот на хемија на Македонија во негово име да преговара со претставниците на органите на управување во претпријатието.

Заштита на правата со воој Колективен договор потпишан од страна на Синдикатот, како и застапување пред надлежните судски органи, уживаат самои членовите на СХНМ.

## XVII. КОНТРОЛА НАД ПРИМЕНАТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР

Член 175

Контролата над примената на овој Колективен договор ја вршат партнерите-потписници на Договорот.

## XVIII. РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ

Член 176

За решавање на споровите помеѓу потписниците на овој Колективен договор, што не може да се решат со меѓусебно спогодување се формира Комисија за усогласување.

За спор во смисла на став 1 во овој член се смета правен или друг вид на повреда, ако се повредени интересите на потписниците (кој произлегува од овој Договор) како и спор што ќе настане како последица од неприфаќање на предлог за измена и дополнување на овој Договор.

Член 177

Секој од потписниците именува по два члена на Комисијата за усогласување.

Членовите на Комисијата спогодбено именуваат претседател на Комисијата од редот на угледни, научни, стручни и јавни работници.

Комисијата со ова е составена од 4 члена и претседател на Комисијата односно вкупно Комисијата брои 5 члена.

Член 178

Постапката за усогласување на споровите кои ќе произлезат при спроведување на овој Колективен договор започнува на барање на еден од потписниците.

Член 179

Усогласувањето е неуспешно ако една од страните писмено изјави, но не пред почетокот на усогласувањето, дека истото го смета за неуспешно.

Секое усогласување што странките ќе го постигнат мора да биде во писмена форма.

Со донесените решенија се изменува и дополнува овој Колективен договор.

Ако постапката за усогласување е неуспешна двата потписници спогодбено одлучуваат да спорот го разрешат пред арбитража.

Секој потписник именува по два арбитри од кои едниот е од угледни, научни и стручни работници, а претседателот на арбитражата арбитрите го именуваат спогодбено од редот на угледни, научни, стручни и јавни работници.

Арбитражата одлуката ја носи со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

Одлуката на арбитражата е конечна.

## XIX. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНАТА НА КОЛЕКТИВНИОТ ДОГОВОР

Член 180

Потписниците на овој Колективен договор должни се да го почитуваат и спроведуваат овој Колективен договор.

Секој од потписниците на овој Колективен договор именува по 2(два) члена во Комисијата, која е овластена за толкување на овој Колективен договор.

Комисијата од својот состав избира претседател. Мандатот на претседателот трае 6 месеци.

Претседателот се избира наизменично од двата потписници на овој Колективен договор.

## XX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 181

Овој Колективен договор се смета за склучен кога ќе го потпишат овластени претставници од Синдикатот на хемија на Македонија во име на работниците од овој Синдикат и овластени претставници на претпријатијата од Здружението на хемиска индустрија при Стопанската комора на Македонија.

Член 182

Сите претпријатија кои се членови на горе наведените здруженија и сите синдикални организации кои се членови на СХНМ се должни да во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Колективен договор ги усогласат и донесат колективни договори и други акти за примена на колективните договори на ниво на претпријатијата.

Колективните договори од претходниот став се регистрираат кај Синдикатот на хемија на Македонија и кај Стопанската комора на Македонија.

Член 183

Ако настанат спорови во склучување на колективните договори во претпријатијата, до нивното склучување непосредно ќе се применуваат решенијата содржани во Законот, Општиот колективен договор за стопанство и Гранскиот колективен договор на СХНМ, во износите, односно мерилата што се утврдени како најмали износи односно како големини.

Одредбите од став 1 на овој член максимално можат да се применуваат во рок од 60 дена.

Член 184

Овој колективен договор влегува во сила од денот на потпишувањето а ќе се применува 8-миот ден од неговото објавување во Службен весник на Република Македонија.

Скопје. 12.110.1994 година

| Потписници: | Здружение за хемиска индустрија |
|---|---|
| Синдикат на хемија на Македонија | Одбор на работодавци |
| Претседател, | Претседател, |
| Ване Кирилов, с.р. | Јорго Кука, с.р. |

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II-СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје II-Скопје, заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителката Анета Морина од Скопје, ул. „Виничка“ бр. 16, против тужениот Морина Кадри од Гренобл Франција, а сега со непозната адреса.

Се повикува тужениот Кадри Морина да ќе јави во овој суд и ја достави сегашната адреса на живеење во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно, ќе му биде одреден привремен старател кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II – Скопје, XVI. П. бр. 2306/94. (398)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ШТИП

Пред Општинскиот суд во Штип поведена е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Даница Павловска од Штип, против тужениот Михаил Павловски од Штип, сега со непозната адреса на престојување во Германија.

Се повикува тужениот Михаил Павловски во рок од 30 дена по објавувањето на огласот да се јави во овој суд, да достави точна адреса на престојувањето или да определи свој застапник или полномошник. Во спротивно, ќе му биде поставен привремен застапник по службена должност кој ќе ги застапува неговите интереси до завршувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Штип, П. бр. 773/94. (399)

## МАЛИ ОГЛАСИ

**Се огласуваат за неважни следните печати:**

Печат под назив: „Здружение на стечајните работници на Република Македонија - Битола“.

**Се огласуваат за неважни следните документи:**

Пасош бр. 0359607 издаден во Скопје, на име Зиља Демировски, с. Д. Доње, Скопје. (3325)

Пасош бр. 325517/84 издаден од УВР Скопје, на име Зијо Реџеповски, ул. „Брсјачка буна“ бр. 163, Скопје (3326)

Пасош бр. 006291/92 издаден од УВР - Скопје на име Цвета Спасовска, ул. „Душан Тасковиќ“ бр. 49/2, Скопје.

Пасош бр. 286969/94 издаден од ГУВР - Скопје, на име Славица Новачевска, ул. „Михаил и Ефтахиј...“ бр. 1, Скопје (3328)

Пасош бр. 296487/94 издаден од УВР Струга на име Бујар Мамуди с. Радолишта, Струга. (3329)

Пасош бр. 0211418/94 издаден од УВР - Скопје, на име Катерина Вучковска, ул. „Мајски манифест“ бр. 19, Скопје (3330)

Пасош бр. 0212037/94 издаден од УВР–Скопје, на име Чедомир Вучковски, ул. Мајски манифест“ бр. 19, Скопје. (3331)

Пасош бр. 387738/94 издаден од ГУВР–Скопје, на име Изаир Сулејмани, ул. „Кондовска“ 6б десно, Скопје (3332)

Пасош бр. 0278615/94 издаден од ГУВР–Скопје, на име Михајло Георгиевски, ул. В. С. Бато“ бр. 19–4/II, Скопје (3333)

Пасош бр. 152571/93 издаден од ГУВР - Скопје, на име Иљаз Скендери, с. Шишево, Скопје (3335)

Чековна картичка бр. 35560–21 и чекови бр. 2172877, 2172878 и 2172879 издадени од Комерцијална

банка А.Д. Скопје на име Лилјана Гичева, Скопје

Чековна картичка бр. 7877/85 и чекови од бр. 882916 до 882920 издадени од Комерцијална банка А.Д. Скопје на име Лилјана Гичева, Скопје (3336)

Чековна карта бр. 0097365 -50 и чек бр. 850825 издадени од Комерцијална банка А.Д. Скопје на име Даница Димоска Скопје (3337)

Чековна карта бр. 6584-76 и чекови бр. 5046291 до 5046300, од бр. 5548055 до 5548060, 3807368, 5548047, 5548048, 4644258 и 5939555 издадени од Стопанска банка А.Д. Скопје на име Јулијана Тодоровска Скопје (3338)

Чековна карта бр. 2491972 и чекови од бр. 2128559 до 2128577 и бр. 872422 издадени од Комерцијална банка А.Д. Скопје на име Киро Цветковски, Скопје (3339)

Чековна картичка и чекови од бр. 1253068 до 1253086 издадени од Комерцијална банка А.Д. Скопје на име Димитрија Михајловски, Скопје (3340)

Чековна картичка бр. 115868-40 и чекови од 2118357 до 2118366 издадени од Комерцијална банка А.Д. Скопје, на име Ленче Стефанова, Скопје (3341)

Пасош на име Бене Колоски, ул. „Егејска" бр. 39, Кичево (3322)

Пасош бр. 237233 од 21.IV.1994 година издаден од УВР - Охрид на име Кирил Корабоски, ул. „7 ноември" бр. 88, Охрид. (3404)

Пасош бр. 220314 од 2.IV.1994 година на име Османи Агнам, с. Радолишта, Струга. (3403)

## ОГЛАСИ ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ

ПОС „ГЕОМАН" - Скопје, со седиште на ул. „В. Комаров" бр. 20, со одлука бр. 03-358 од 04.10.94 ќе врши трансформација на капиталот во претпријатието. Согласно член 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Сл. весник на РМ" 38/93), го објавува истото.

ПОС „ГЕОМАН" - Скопје

(1210)

---

**Врз основа на член 33 и 34 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал (Сл. весник на РМ 38/93), ДОО „Велеспром" Титов Велес распишува**

### ОГЛАС
### ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ДА ГИ НАЈАВАТ СВОИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ДОО „ВЕЛЕСПРОМ" ТИТОВ ВЕЛЕС

1. Се повикуваат поранешните сопственици и нивните наследници да ги најават своите побарувања во постапката за трансформација на ДОО „Велеспром" Титов Велес.

2. Барателите ги доставуваат побарувањата на Образец пропишан од Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатија со општествен капитал.

3. Побарувањата истовремено се доставуваат до Агенцијата и до ДОО „Велеспром" Титов Велес, ул. „Илинденска" 6б.

4. Барањата се доставуваат во рок од 60 дена по објавувањето на Огласот.

ДОО „ВЕЛЕСПРОМ" Т. ВЕЛЕС

(1271)

---

Врз основа на член 33, 34 и 35 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал („Службен весник на РМ", бр. 38/93 и Исправка во „Службен весник на РМ", бр. 48/93) Производното трговско и услужно претпријатие „ТРИ - БОР" Д.О.О. - Кавадарци објавува,

### ОГЛАС
### ЗА ПОВИКУВАЊЕ НА ПОРАНЕШНИТЕ СОПСТВЕНИЦИ И НИВНИТЕ ПРАВНИ НАСЛЕДНИЦИ ДА ГИ ПРИЈАВАТ СВОИТЕ ПОБАРУВАЊА ВО ПОСТАПКАТА ЗА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ПРОИЗВОДНОТО ТРГОВСКО И УСЛУЖНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „ТРИ - БОР" Д.О.О. - КАВАДАРЦИ

Се повикуваат поранешните сопственици и нивните наследници да ги најават своите побарувања во постапката за трансформација на Производното трговско и услужно претпријатие „ТРИ - БОР" Д.О.О. - Кавадарци.

Барателите ги доставуваат побарувањата на Образец пропишан од Агенцијата на Република Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал.

Побарувањата истовремено се доставуваат до Агенцијата и до Производното трговско и услужно претпријатие „ТРИ - БОР" Д.О.О. - Кавадарци, ул. „Блажо Алексов", бр. 52.

Барањата се доставуваат во рок од 60 дена од денот на објавувањето на огласот.

ПТУП „ТРИ - БОР" Кавадарци

## СОДРЖИНА

Страна

1362. Одлука за помилување на осудени лица.... 1729
1363. Одлука за одобрување на заем од средствата на Буџетот на Република Македонија.... 1729
1364. Одлука за пренесување на правото на користење на рентген апарат и машина за развивање на рентген филмови од државна сопственост.... 1729
1365. Решение за утврдување на опрема која може да се увезе без плаќање царина.... 1729
1366. Извештај за спроведениот избор за претседател на Република Македонија во 1994 година.... 1730
1367. Извештај за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 1994 година.... 1731
1368. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 99/94 од 25 октомври 1994 година.... 1741
1369. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 109/94 од 3 ноември 1994 година.... 1742

**Колективни договори**

60. Колективен договор за дејноста хемиска индустрија.... 1742

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на Република Македонија - Скопје, ул. „Васил Ѓоргов" 6б. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Телефон 228-204. Телефакс 239-285. Пошт. фах 51. Жиро сметка 40100-603-12498. Печат: Печатница „Нова Македонија" - Скопје**